СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 1996 година

Скопје, јули 1996 година

## IV - ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 50-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26 ЈУЛИ 1996г.


1. АБДИ ФАИК - 64, 72
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 88
3. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 30, 103
4. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 7
5. ГОШЕВ ТУШЕ - 34-
6. ДИМИШКОВСКИ ДИМИТАР(Претсед. на Врховен суд -стр.38)
7. КАРОВ ИЛИЈА - 12
8. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 78, 81
9. МУСОСКИ ФЕРИД - 54
10. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 104
11. МИНОВ ПАНЧЕ -110
12. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 25
13. ПАНГНОВ ТОДОСИЈА - 84, 88, 99
14. ПАРАЌЕОВ НИКОЛА (Влада) - 9
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 29, 50, 51
16. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 55, 57, 61
17. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 31
18. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 33, 49, 50, 51
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 92, 95
20. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 96
21. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 100, 102
22. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 15, 108
23. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 20
24. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 32
25. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ - 17
26. ШАПУРИК ЗОРАН - 2
27. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - 5

точка 7 – стр.1
точка 8 – померена за крај
точка 9 – стр.5
точка 10 – стр.9
точка 11 – стр.19
точка 12 – стр.30
точка 13 – стр.35
точка 14 – стр.47
точка 15 – стр.48
точка 16 – стр.48
точка 17 – стр.52
точка 18 – стр.53
точка 19 – стр.53
точка 20 – стр.55
точка 21 – стр.63
точка 22 – стр.77


седницата продолжува со работа

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 Јули 1996 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Р публика Македонија, сала I, со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, стручните служби да проверат, дали имаме кворум за работа.

Бидејќи имаме кворум за работа, продолжуваме со работа. Пратениците Пецо Стојановски, Ванчо Чифлиганец, Митко Илиевски, Јован Србиновски, Слободан Богдановски, Нано Ружин, Владе Давитковски и Хисен Рамадани и Николина Трајановска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. Бидејќи го заклучивме претресот, по Предлогот за донесување на Законот за избор на органите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија, го усвојува Предлогот за донесување на законот за избор на органите на единиците на локалната самоуправа и на град Скопје.

Второ, Владата на Република Македонија, ќе изготви и на Собранието на Република Македонија, ќе му достави предлог на закон за избор на органите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и укажувањата од расправата на

седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела на Собранието да се достави^-до Владата на Република Македонија и министерството за правда на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

Пред тоа, господин Шапурик,има нешто процедурално.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред гласањето сакам да го образложам ставот на Пратеничката група на Либералната партија, односно како ќе гласа по овој закон.

Пратеничката група на Либералната партија смета дека уредувањето на изборната материја е од големо значење. Кај нас, всушност постои закон за избирачки списоци од пред 20 години и закон за избор на пратеници и одборници донесен во 1990 година. Тоа е пред повеќе од б години, односно пред воведувањето плурализмот во Република Македонија. Тој закон е донесен од еднопартиско собрание и за- тоа ценеше дека паралелно со овие закони требаше да биде и законот за избирачки списоци, како и закон за избор на пратеници.

Одредбите на овој закон за избор на пратеници, а се однесуваа и за избор на одборниците во општините и тие се истите од пред две години,како што е познато, укинати со одлука на Уставниот суд на Република Македонија.

Либералната партија уште во почетокот на 1995 година, по изборот на тогашната Влада инсистираше меѓу првите приоритети да биде изготвување и предлагање на пакетот закони од изборната сфера од Владата на Република Македонија. Меѓутоа, тоа еден подолг период не се случи и по една и пол година, наместо овој пакет на изборни закони, набрзина ни е предложен овој предлог за донесување кон ја регулира изборната сфера во локалната самоуправа, односно локалната управа.

Тој предлог содржи според нас повеќе противречни и нелогични решенија. Пратеничката група на Либералната партија, ценејќи ја потребата од донесувањево на изборните закони, сакаше да даде придонес во овие избори и закажа како што е познато предкомисиска расправа по тој текст. Во таа расправа беа поканети и парламентарни и вонпарламентарни партии како и министерот за правда Владо Поповски и претставници на повеќе институции и здруженија во Република Македонија. Министерот не дојде на оваа расправа ниту пак било кој претставник од Министерството и на тој начин ја изрази својата одбојност кон напорите на Пратеничката група на Либералната партија за што поширок круг на политички субјекти и претставници на граѓани да се искажан кон овој важен закон кој е прв од оваа сфера по воведувањето на повеќе партискиот систем во Република Македонија и кон ќе претставува и претставува вистински тест за демократија во Република Македонија.

Предлагачот министерот Поповски, наместо да покаже интерес и да дојде на предкомисиската расправа на Либералната партија и директно да чуе ставовите и мислењата по овој закон на претставниците на либералната партија и на повеќе партии и здруженија кои беа присутни на оваа предкомисиска расправа, во своето вчерашно излагање со потценување и навреди ги изнесе своите оценки за повеќето учесници во оваа предкомисиска расправа кон претставници на повеќе политички партии кои ги дадоа своите напори за решавање, односно своите напори за давање на поголем придонес кон решавање на овие проблеми од изборната сфера. Сепак, вчера не најде доблест да им се извини, односно да им се извини за навреди на одредени по- единци. Исто така министерот Поповски не го подели мислењето на Националниот демократски институт по текстот на Законот, кој не е никаква тајна, со што сметаме дека им се оневозможи на пратениците

да дојдат до пошироки сознанија и да донесат поправилни решенија иако тоа мислење го имаа примено на 16 јули. Исто така, тој изјави дека голем дел од сугестиите и забелешките од Пратеничката група на либералната партија се умесни, оправдани, стручни и аргументирани и дека добар дел од нив ќе ги прифати. Меѓутоа, Пратеничката група смета и. е убедена дека позицијата преку Министерството ќе го тера она што го намислила, што произлегува и од односот кон овој закон, кој според наше мислење се расправаше дури во доцни ноќни часови дури и без кворум и без можноста пратениците сите да го искажат своето мислење.

Пратеничката група на либералната партија, исто така, смета дека мислењата од Советот на Европа по овој и по другите идни закони треба да бидат доставени до пратениците и поделени, а овие мислења од Советот на Европа и другите институции треба да се бараат уште во работните верзии, односно уште пред влегување на овие закони во собраниска процедура.

Од овие причини пратеничката група на Либералната партија не го поддржува овој предлог за донесување закон и нема да гласа по него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира со една напомена, Собранието работеше со кворум.

Второ, имаше можност сите пратеници да ги изнесат своите забелешки и мислења по Законот. Тие две забелешки од претставникот на Пратеничката група очигледно не стојат.

Молам, кој е за предложениот заклучок да крене рака.

63 пратеници гласаа "за".

Дали е некој против?

7 пратеници се против.

Молам кој се воздржува од гласање? (ниеден)

Накнадно се јавија двајца пратеници кои што се воздржани од гласањето.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Замолен сум од предлагачот на **точка 8** дневниот ред, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за угостителска и туристичка дејност, Господин Зоран Шапуриќ оваа точка да се помести понатаму при крајот на седницата со оглед на неговата зафатеност.

Јас предлагам ова да го уважиме.

Минуваме на **точка 9 -** Предлог за донесување на закон за прогласување на орнитолошкиот локалитет "Езерани"' на Преспанското Езеро како строг при- роден резерват, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно подели.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор Господинот Шундовски, министер за урбанизам.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред вас денес се наоѓа Предлогот на законот за прогласување на природниот резерват "Езерани", простор на јужниот брег на преспанското езеро, простор во кој по својот природен раритет е еден од најголемите резервати на птици во Република Македонија, а можеби пошироко на Балканот и во Европа. Обврските кои ги има Република Македонија, по повеќе меѓународни конвенции за зачувување на животната средина, точно ни налагаат за ваквите простори да ги прогласуваме како природни резервати. Со тоа да ја зачуваме автентичноста на просторот и животните кои живеат на

истиот простор. На овој дел, морам да кажам дека живеат повеќе видови на птици, кои се доста ретки во Република Македонија, а и на овие простори во Европа и пошироко на Земјината планета. Само да напоменам дека со овој закон вкупно 2.080 хектари ќе се претворат во строг природен резерват во кој ќе живеат некаде околу 120 видови на птици од кои по Париската конвенција ќе се наоѓаат 17 заштитени видови на птици, во кои ќе живеат 22 нови видови на птици кои досега не се наоѓале во фауната на Преспанското езеро, а сега се утврдени како такви. На овој локалитет ќе живеат 62 вида на птици кои влегуваат во списокот на заштитени видови според Б конвенција. 24 најстрого заштитени видови со меѓународно значење, 2 вида се наоѓаат точно на овој дел од овој список. Од списокот на 14 видови на Обединетите нации, 3 вида се наоѓаат точно на овој локалитет, а понатаму од списокот на 48 видови птици, кои се ставени во трајна заштита од страна на Републичкиот завод за заштита на културата на Република Македонија се наоѓаат 17 видови на птици. Од сето ова произлегува дека значењето на овој природен резерват е доста големо. Ако се има предвид дека на овој простор во временскиот период од последните 10 поточно 5 години последни се случуваат доста чудни работи, посебно од така би ги нарекол диви туристи кои доаѓаат на овие простори да ловат без дозвола или да однесуваат дел од природното богатство, должност беше на министерството да изготви ваков закон со кој и ќе го прогласи, ова природно богатство во Република Македонија за природен резерват. Законот е доста краток, се состои од 3 члена, само за прогласувањето на самиот резерват, а понатаму со Законот за заштита и унапредување на животната средина, ќе се предвидат и останати мерки во однос на заштитата на самиот резерват или во она што значи организирање на чувањето на резерватот. Јас би ве молел денес овој закон да се поддржи, со што уште еднаш ќе дадеме прилог на заштитата на нашата животна средина во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, потребата од донесување на овој закон, по образложението на министерот, мислам дека е неминовна и потребно е да се донесе овој закон од причините наведени во образложението на самиот закон и врз основа на локалитетот. Јас би сакал да укажам на пратениците и на Владата на една друга појава или однос. Ние и досега имавме закон за заштита на Преспанско, Дојранско и Охридско Езеро. Проблемот на донесување на регулативата од наша страна е доста полесен, но проблемот на заштитата и спроведувањето на нормативните акти и закони во извесна смисла е потешко. Тргнувајќи од тие определби, бидејќи овој локалитет го прогласување сега за природен резерват е нападнат секојдневно од несовесни граѓани и луѓето кои живеат таму. Со цел да го заштитиме она што претставува и понатаму да претставува еден резерват со целиот оној животински и растителен свет во ЗПК, предложивме еден амандман, со кој Владата во рок од 3 месеци треба да донесе поблиски прописи за регулирање на односите и заштита на овој локалитет, пред се, тука е опасноста од подигање на песокот и заштитата на птиците и растителниот и животинскиот свет.

Затоа, јас би сугерирал и во оваа општа расправа, во посебниот дел во текстот на Законот, да биде прифатен амандманот од ЗПК и да се реализира во крајна цел она што ние овде како законодавен дом го реализираме. Тргнувајќи од одредбите на Законот кој го спомнав за заштита на Преспанското и Охридското и Дојранското Езеро, кој е донесен некаде 1976 година навреме е донесен, но неговите одредби не се спроведуваат, да не доживее и овој закон таа судбина.

За реализација треба конкретни заклучоци со посебна организација. Затоа,јас ви сугерирам тој амандман да биде поддржан или од Владата или од вас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за прогласување на орнитолошкиот локалитет "Езерани" на Преспанското езеро, како строг природен резерват.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака?

69 пратеници гласаа "за"

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на овој закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија, поднесе амандмани на член 2 став 1 и за додавање нов член 2-а со кој се согласил претставникот на

Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (69 пратеници гласаа "за")

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за прогласување на орнитолошкиот локалитет "Езерани" на Преспанското Езеро како строг природен резерват.

Минуваме на **точката 10** - Предлог за донесување на закон за сточарство.

Предлогот за донесување на Законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Паракеов, министер за земјоделство.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Господине претседателе, господо пратеници, како што и сами можете да видите се работи за еден извонредно значаен закон за кој што, веројатно, и последната точка од дневниот ред за оваа седница ќе го покаже целото свое значење и дека се работи за Предлог за донесување на закон кој што се отвора една голема можност со конструктивни, корисни предлози од сите можни структури да го збогатиме содржината на овој закон што практично е и од ова вака наше кусо излагање и предлог односно размислување дека сите предлози кои ќе бидат доставени, ќе бидат со најголема сериозност разгледани.

Инаку, се работи за законска материја која што досега е регулирана со два закони, тоа е Законот за сточарство, донесен во далечната 1973 година и Законот за одгледување на кози, кој што како обновен во 1989 година исто така регулира дел од оваа материја на сточарството.

Заради сите промени кои што настанаа во нашето општествено живеење и економско се појави потреба од нови решенија, од нови состојби во сточарството и за ради тоа користејќи се и со и консултирајќи се со многу стручни сознанија од развиените сточарски и европски земји го предложивме овој текст, овој материјал со можност, велам, да биде овој и дополнет.

Содржината на Законот е во 52 члена, каде што се поместени, општите одредби, производството на материјали за репродукција, промет со приплодни грла и материјали за репродукција, производство и промет на добиточна храна, надзор, казнени одредби и преодни и завршни одредби.

Една од основните мерки во сточарството е, водењето на матичната евиденција. Матичното книговодство кое што денеска е една најслаба точка на сточарството, ко^а што ја имаме и преку која ќе бидат обележени сите видови категории на домашни животни. На овој начин ќе може да се следи купопродажбата на добитокот и селењето од една средина во друга за да може истовремено да се контролираат здравствената состојба и спречувањето на евентуалното ширење на одредени заразни и други болести кои би можеле да се појават.

Покрај ова, обележувањето ќе користи и за селекциски цели, а тоа е поврзано со производството на квалитетен приплоден добиток и производство на репродукционен материјал, јајце клетки, ембриони и друго, за да може колку е можно повеќе да се задоволат сопствените потреби од ваков материјал.

Исто така, на соодветен начин се регулира и прометот со приплодни грла и други репродукциони материјали, со што ќе се избегне ризикот од увоз на квалитет, увозот на неквалитет, увоз на нездрав материјал и други можни аномалии од оваа сфера.

Покрај овие основни работи во Предлогот за донесување на Законот за стопанство е регулирана и материјата за производство и промет на добиточна храна, која, исто така, е многу значајна содржина, посебно од гледна точка за постигнување на поголемо, поздраво и поекономско сточарско производство.

Во членовите кои го регулираат производството и прометот на приплодни грла, а особено производство и промет на материјалите за репродукција, предложена е регулатива која кореспондира односно е усогласена со соодветна регулатива која ја имаат земјите на европската унија.

Значи да завршам со можноста со конструктивни предлози да ја збогатиме содржина на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, почитувани министри, пред нас е Предлогот за донесуваше на законот за сточарство. Би сакал да укажам уште на самиот почеток дека го поддржувам Предлогот за донесување на овој закон и мислам дека можеби тој требаше да биде донесен многу порано со оглед на проблемите кои и досега ги имаше во сточарството во Република Македонија. Но сепак, никогаш не е доцна.

Овој закон помина на Комисијата за земјоделство, го разгледувавме. Ценам дека законот е доста стручно обработен и најголем дел од овој Предлог-закон е посветен точно на стручната проблематика во сточарството. По мое длабоко убедување, во обработката на проблематиката на оваа тема конкретно се нагласени ингеренциите и овластувањата на министерот.

Што би сакал да кажам?

Овој закон вкупно има 52 члена. Од вкупно 52 члена во 21 член, односно на 21 место е потенцирана улогата и овластувањето на министерот. Јас мислам дека многу од овие обврски што се регулирани и предвидени во овој закон можат да бидат преостапени како обврска на одредени стручни служби во Република Македонија, ветеринарни служби или репроцентри. Додека со 5-6 члена би се согласил дека по овластување на министерот можат да бидат формирани комисиите за утврдување на овие репроцентри или за определување на фрепроцентри кои ќе бидат и со закон регулирани или овластени.

За мене остана дилема уште во членот 1, точки 12 и 13 каде што се спомнува како сточарски производител претпријатие, здруженија на одгледувачи, а исто,. така како одгледувач се спомнува здружение на одгледувачи. Во Република Македонија, односно кај нас познато е дека имаме задруги, комбинати и приватни производители, односно одгледувачи на добиток, така што за мене остана дилемата на што мисли изготвувачот на овој закон, кога зборува за здруженија на одгледувачи на добиток.

Не би сакал сит^ овие 21 место во 21 став да ги изнесувам, во кои се цитирани овластувањата на министерот. Јас би сакал да кажам само еден пример, со што не би се согласил. Конкретно да речеме во членот 30, признавањето новосоздадените раси и типови хибриди е со формирање комисија, а комисијата е овластена, односно се формира ваква комисија на предлог на министерот. Тоа е сосема логично, така е и за другите дејности, меѓутоа во ставот 3 понатаму веднаш стои дека на членовите на комисијата им припаѓа надомест за работа во комисијата, чија висина со решение ја утврдува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Значи, во првиот став исто се спомнува дека комисијата ја формира министерот за земјоделство, во третиот став министерот ја определува ви- сината за нивниот надомест и во четвртиот став веднаш стои дека деловникот за работата на комисијата од став 1 на овој член го донесува министерот за земјоделство, што значи во еден член во три става се спомнуваат овластувањата и ингеренциите на министерот.

Јас би сакал да кажам дека и самиот деловник за работа на комисијата би било пожелно и би било основно за комисијата, таа комисија да си изработи свој правилник за работа во текот на го- дината, односно додека е мандатот. Во никој случај не би се согласил министерот да издвои време или службите во Министерството да

изготват правилник за работа на комисијата. Мислам дека овде ќе се најде разбирање околу донесувањето на втората верзија. Можеби со оглед на околностите кои сега ги имаме при донесувањето на овој закон би требало ако е можно да се донесе во две фази, да не се чека трета фаза. Овие укажувања кои се сега дадени во однос на овластувањата на министерот, мислам дека ќе бидат избегнати и на некој начин тоа ќе се регулира со другите законски проекти.

Исто така не би се согласил на крајот во завршните и преодните одредби - поблиски прописи од овој закон министерот за земјоделство ќе донесе за една година од влегувањето во сила на овој закон. Мислам дека овој рок од една година е премногу долг и добро би било ако може тој рок да биде шест месеци, за сите овие поблиски прописи да бидат регулирани шест месеци после донесувањето на овој закон.

На крајот би сакал да заклучам дека има доста прашања што не се регулирани во областа на сточарството со овој закон. Да речеме, не е вклучен прометот на стоката, а поучени сега од болеста шап и лигавка, што значи во овој закон би требало да најде место и поголем простор да се издвои за прометот со жив добиток во Република Македонија, односно за увоз - извоз или на самиот промет од едно во друго подрачје. Тоа да биде малку попрецизно регулирано со овој закон, да се пропишат повисоки казнени мерки за лица или организации кои вршат промет на сточна храна, односно неквалитетна сточна храна која не одговара на пропишаната декларација, а се- кој концентрат на сточна добиточна храна носи одредена декларација. Оваа декларација обично не одговара на квалитетот, па така овие казнени одредби за таквите организации кои вршат таков промет со неадекватна сточна храна и со лош квалитет да бидат ригорозно казнети.

Понатаму, овој закон треба да ја регулира и здравствената заштита во сточарството. Јас можам да кажам дека во сите овие 52 члена кои се обработени во овој закон никаде не се спомнува здравствената заштита во сточарството и мислам дека во наредната фаза треба да се издвои поголем простор за оваа проблематика од областа на сточарството и со такви дополнувања на овој закон мислам дека тогаш би бил во вистинската смисла на зборот закон за сточарство. Во спротивно, ако остане вака како што- сега се нуди можам слободно да ви кажам дека тој е премногу стручен и главно ја обработува проблематиката од областа на производството на приплоден добиток, сперма, јајце - клетки и ембриони. Главно ако не биде дополнет со другите укажувања мислам дека ќе остане така да кажам со голема празнина и само од оној стручен дел.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, како пратеник од битолскиот дел на Пелагонија, каде сточарството игра значајна улога во севкупните напори на нашите земјоделци за обезбедување егзистенција во се- лото, го поддржувам предлогот на Владата за донесување на овој закон. Лично мислам дека овој закон во нашата држава требаше да стигне многу порано, односно уште тогаш кога станавме самостојни. меѓутоа, иако доцни забавен е, важно не е заборавен и денес го имаме во собраниска расправа.

Сметам дека со овој закон нашето сточарство по подолго време ќе тргне да работи по работните примери на Европа, односно во европските земји каде што на сточарството се гледа како на една фабрика за храна

и фабрика во која никогаш нема ограничување на работните места на тоа работно население, се разбира што е без работа. Сточарството може да биде таква фабрика и кај нас, пак се разбира ако кај нас нашето население не се срами од занимањето кравар, свињар или овчар, занимања кои навистина подолго време во нашата држава се на последно место во листата на занимања.

Во изминатиот период, нашето сточарство забележа видни резултати. Меѓутоа, ако имавме современи закони за неговиот развој, тој развој ќе беше сигурно уште подобар. Ние не можеме да ги оспоруваме оние резултати што се постигнаа во развојот на народното овчарство, говедарството, свињарството, па ниту на живинарството, меѓутоа, сметам дека со донесувањето на овој закон на овој план ќе имаме уште поголеми резултати.

Забелешките што ги кажа господинот Илија Каров држат место и сметам дека до донесувањето на овој закон нашето надлежно министерство ќе најде можности и нашите забелешки да ги стави во рамките на овој закон.

Според мене, со овој закон треба да се реши една голема неправда што во поранешниот систем постоење меѓу нашите сточари. Имено, сигурно знаете дека во поранешниот систем ниту еден приватен сточар немаше право да формира репроцентар за кравaрство, овчарство или свињарство. Во битолскиот дел на Пелагонија имаше случаи кога некои наши печалбари вложија огромни средства за создавање на вакви репроцентри, меѓутоа, од непознати причини во тоа време не им беше дозволено да ја вршат таа дејност.

Апелирам кај луѓето кои работат на донесувањето на овој закон да се посвети посебно внимание и околу ова прашање, односно и приватните фармери да можат да формираат свои репроцентри.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Господин претседателе, господа пратеници, господа министри, сметам дека денес пред нас се наоѓа еден многу важен закон, а тоа е законот за сточарство. Од неколку причини сметам де- ка е многу важен.

Сточарството е една многу важна гранка во областа на земјоделството и во целокупното стопанство, поради тоа што само преку сточарството по природен пат може да се добие производ од повисок степен, односно полесно се преработува примарното поледелско производство преку исхраната на сточарството, односно преку добивањето на продуктите од сточарството. Тоа е многу важна работа затоа што во сточарството се вработува голем број од населението во нашата Република и тоа население со пониска образовна квалификација.

Мораме да признаеме дека се наоѓаме меѓу земјите кои имаат многу ниска продукција по единечно грло. Сметам дека со овој закон ќе се подобри оваа состојба, односно со правилната селекција, со добивањето подобри раси на добиток ќе добиеме далеку поголемо производство по единечно грло, што за нас е многу значајно, посебно за оваа гранка.

Матичната евиденција која се предвидува во закот исто така претставува една многу важна мерка, бидејќи со правилната евиденција ќе. можеме да ја ублажиме, ако не можеме да ја спречиме, но сигурно ќе ја ублажиме појавата на болестите што се јавуваат во Република Македонија во последно време, почнувајќи од лигавката, шапот, бруцелозата и други. Сметам дека е многу важен овој закон  и затоа

претставува многу важен предуслов за развојот на сточарството во Републиката.

Поголемата контрола која се предвидува во законот во однос на исхраната, проверувањето ан квалитетот на исхраната во сточарството, исто така ќе предизвика една подобра продукција и подобра здравствена заштита на домашните животни. Затоа, овој закон мислам дека прецизно ќе го контролира квалитетот на исхраната на добитокот.

Ние на Комисијата дадовме извештај по овој закон. Сметам дека овој закон треба да се донесе и тоа по една итна постапка и ќе претставува многу значаен закон, не само заради она што е пропишано во законот, туку заради тоа што законот предвидува голем број програми што ќе произлезат од законот за развој на сточарството по гранки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за сточарство.

2. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела на Собранието, како и укажувањата во расправата на седницата на Собранието, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против,? (Нема) .

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Молам уште еднаш за информација за точниот број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **11-та точка** - Предлог за донесување на закон за стечај.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претоедателе, почитувани колеги, мислам дека стечајот претставува актуелно политичко прашање, исто така и економско и социјално прашање во денешниов миг, од аспект што според статистичкиот извештај на Заводот аз статистика некаде од март преку 1040 претпријатија се присатни за кои е покрената стечајна постапка заради инсолвентност од 60 дена во последните 75 дена или за тоа што некаде околу 2875 работоправни субјекти до месец март се со блокирани жиро сметки повеќе од 3 месеци, на кои што исто така им пречи можноста за индуциран стечај.

Со оглед на тоа што пазарот, законот и судството како конститутивни елементи на стопанскиот амбиент се во процес на радикал трансформација, приватизација на општествениот капитал, приватизација на државниот капитал и создавање на сопственичка структура како основ на пазарно стопанство, стечајот се јавува како една придружна појава што во изминатиот период беше третирана со еден лош Закон донесен во 1989 година во време на распадот на бившата ЈУ држава.

Стечајот, односно ликвидацијата односно банкротот. на претпријатијата во нормално пазарно стопанство со оформени пазарни институции, дефинирани сопственички институции односно односи и делување на Законот на вредноста претставува логичка последица на природната селекција на стопанските субјекти на пазарот. Односно, одлуката за тоа во суштина ја донесува пазарот.

Стечајот, во практиката на пазарните стопанства најчесто се случува поради нагли и непредвидливи промени во пазарната коњуктура предизвикани од рецесија, која погодува цели стопански гранки и

дејности, така што одредено претпријатие наема време за пазарно прилагодување и практично престанува да работи.

Најголем број на такви случаи со откупување на контролниот пакет на акции на тоа претпријатие до страна на друго, доаѓа до апсорпција на тоа претпријатие од друго, поголемо и финансиски посилно претпријатие, но без никаква државна интервенција. Само по логиката на пазарот. Додека во РМ беше присутен и делуваше еден закон за стечај , принудно порамнување и ликвидација од бившата ЈУ држава која што делувајќи во услови на законот за трансформација на општествениот капитал мислам дека создаде доста потреси и немири на општествената сцена во РМ.

Ова што го кажав е карактеристика на земјите со пазарни економии. Секако дека ова би требало да биде иднина и на македонското стопанство. Меѓутоа, денешна карактеристика на македонското стопанство е масовно отворање на стечајни постапки, поготово присутно во последниве години. Поради инсолвентност паднаа под стечај претпријатија што до скоро важеле за успешни фирми на домашен и странски па- зар. Затоа, како релевантно се поставува во овој момент прашањето не само како ќе се изведе правната и економска технологија на стечајот, туку кои се причините во поширок општествен контекст, нивната инсолвентност односно за инсолвентноста на претпријатијата.

Познато е дека во структурата на долговите на овие сто- пански субјекти со највисок процент учествуваа каматите, по земени банкарски кредити и судските затезни камати на ненаплатени обврски. На страната на побарувањата на овие стопански субјекти видно е учеството на ненаплатени и отпишани побарувања по однос на испорачана стока

приватните фирми кои отишле под стечај. Кај извозно ориентираните претпријатија преценетиот курс на динарот, отсуството на извозните стимулации, зголемените транспортни трошоци предизвикаа загуби на извозно ориентираните претпријатија во РМ.

Континуираното опаѓање на производството и нискиот степен на искористеност на капацитетите често и со 20% имаа, за последица зголемување на фискалните трошоци и цената на чинењето, а со тоа и скапо и некоњуктурно стопанство.

Внатрешната дезорганизираност на претпријатијата во поглед на конституирање на органи на управување, не постоење правна заштита на сопствениците на акции во остварувањето на нивното право за учество во управувањето го попречуваше донесувањето на било какви рационални одлуки од работоправните субјекти.

По укинувањето на судовите за здружен труд за статусните спорови не беше предвидена стварна надлежност на редовните судови, што имаше аз последица пренагласена улога на директорот и како последица на тоа прелевање на средства на претпријатие во инстант - приватни фирми, топење на капиталот на претпријатието и негово одење под стечај Секако дека ова не беше пратено и со адекватни промени во кривичното законодавство, така што се одвиваше многу слободно.

Секако, со донесувањето на Кривичниот закон оваа матери- ја ќе се стави во рамка.

Сите наведени причини за инсолвентност на претпријатијата, секако дека се последица на економската политика во надворешно-трговското работење, девизното работење, царинската заштита, кредитна- та политика, каматната и фискална политика. Секако дека со Уставот на РМ трансформацијата на општествениот капитал беше приоритетна цел од највисок државен и национален интерес .Во таквата

политичка определба стечајот имаше функција на средство за сопственичка трансформација на имотот на претпријатието со продажба од страна на судот. Член 139 и 135 од Законот аз присилно порамнување стечај и ликвидација од 1989 година или со примена на одредбите од Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал од 1993 година во делот за трансформација на претпријатијата под стечај.

Забележливо е притоа дека реалната вредност на капиталот во основни средства со кои располагаат претпријатијата е повеќекратно поголема од реалната вредност на нивните долгови кон трети лица и државата. Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација од 1989 година кој се спроведуваше во РМ е еклатантен пример на правен анахронизам со чија примена во голема мерка се ограничуваат правата и интересите на доверителите на претпријатијата и на работниците во претпријатијата под стечај. Затоа што по истекот на 60 дена во последните 75 дена на блокирање на жиро сметки Заводот за платен промет е должен или беше должен да поднесе пријава за покренување на стечајна постапка согласно член 17 од законот за финансиско работење изразито е присатен директен државен интервенционизам, иако постои можност за одредено толерирање на инсолвентност а од страна на доверителите.

Оттука предлагам паралелно со промените што се предлага е со законот за стечај исто така да настанат и промени во членот 17 од Законот аз финансиско работење за да се обезвласти Заводот за платен промет да поднесува пријава за стечај. Во спротивно ќе имаме еден законски анахронизам меѓу овие два закони.

Предлогот за новиот закон тука прави еден позитивен пресврт со рехабилитација на доверителите, а и должникот како автори за покренување на стечајна постапка, што е логично, односно се напушта

државниот интервенционизам во името на Заводот аз платен промет. Со Предлогот исто така се има ориентација да се рехабилитира улогата на одборот на доверителите и Собранието на доверители, за разлика до целосната концентрација на овластувања во трите органи на стечајната постапка: стечајниот совет, стечајниот судија и стечајниот управник.

Со Предлогот на закон за стечај се рехабилитира статусот на доверителите, домашни и странски, правни и физички лица по најразлични основи: испорака на стоки и материјали, разноврсни услуги, заеми, кредити, како и државните органи, фондовите како Фондот за ПИО, Фондот аз здравствено осигурување, Фондот аз вработување за неисплатените обврски на претпријатието должник. Тоа се однесува и на вработените во претпријатието под стечај, што е прв пат добар третман на вработените со овој закон на кој со стечајот им престанал работниот однос заради не исплатените нивни побарувања од работен однос, што стасале пред отворањето на стечајната постапка.

Додека сите овие субјекти во стечајната постапка во стариот Закон беа маргинализирани, со овој закон мислам дека се рехабилитираат Со инкорпорирање на институтот упаричување на имотот на должникот и вработените сега се појавуваат како стечајни доверители, а со инкорпорирање на институтот стечаен план и социјален план, вработените се доверители на стечајната маса што сметам е исправна ориентација.

Имено, целта на законот во суштина е рехабилитација на претпријатието, на мирување на доверителите како примарно, а не како досега, негово лишување од правниот промет или гаснење на неговите економски функции на пазарот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ване Наумоски,

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

На почетокот неколку реченици за овој законски проект пред нас од причина што сметам дека ваков закон требаше да се донесе по време од состојбите што се случуваат кај нас во стопанството, пред се и начинот на кој се спроведуваше досегашното работење односно постапката на стечај.

Битна разлика помеѓу постојниот закон од 1987 година и овој сега после 6 години е променат ана титуларот на сопственоста. Постојниот закон беше донесен во услови и сопственикот беше државата, општествена сопственост. Во секој случај имаше неколку работи и начини на кој се спроведуваше досегашниот стечај. Причините што доведуваат до стечај беа неликвидноста, како еден од факторите, второ настанатите обврски од доверителите. Тука е битно таа категорија да ја поделиме на неколку дела, обврски од доверителите, обврски спрема државата,придонеси и обврски кон вработените.

Сегашниот закон пред нас треба да одговори на овие три работи и дали во исти кош сите овие обврски кон доверителите ќе ги ставиме и ќе бидат причина за предизвикување на стечај?

Имавме стечај поради зделка стечај. Имавме стечај поради отпуштање работници. И тоа се случуваше во праксата. Во секој случај овие аномалии што ги имавме во областа на спроведување на стечајните

постапки и работата на досегашното судство во оваа област, сметам дека овој закон што е нов, а факт е дека избравме нови судии во нашава држава, сметам дека овој начин на спроведување ќе го отворат.

Една друга работа или друга категорија на овој закон е посебна приказна за себе, стечајниот управник. Предлогот е тука список на лица што «е ги одреди судот врз основ ана некое мислење од Комората Досега се случуваше лицата кои ја спроведуваат стечајната постапка се некомпетентни и нестручни и не даваа резултати.

Втора работа што овде ја гледам и мислам дека е добра, тоа е технички стечаен управник. Како времен управник или повереник што би се именувал во фаза додека фирмата работи така што причините за стечај бидат отстранети во ход. Тоа е позитивно и ќе даде резултати

Натаму, вработените како доверители, ги спомнав во случајов и нивното побарување. Овде се дава право на една третина од стечајната маса. Сведоци сме дека побарувањата скоро во сите стечајни постапки во државата вработените учествуваат со висок процент со своите плати. Треба да се размисли дали односот една третина од сте- чајната маса треба да се зголеми или не. Ова како мислење, како сугестија до предлагачот.

Друга вредна работа во законот е што се воведува категоријата меѓународен стечај. Во досегашната пракса го немавме, бидејќи немавме такви мешовити фирми. Сега, ваква категорија ќе се случи и ќе ни се случува. Во секој случај на ова поле за нас ќе биде новина. Затоа реков луѓето кои ќе бидат поставени како стечајни управници во секој случај треба да се способни,компетентни и стручни да одговорат на обврската.

Беше спомнато, не во оваа прилика, дека се случуваше одредено лице на 10 и повеќе фирми истовремено да биде стечаен управник. Тоа апсолутно не одговара и не држи и треба тоа да се елиминира, да не се дава можност едно лице да биде на повеќе места.

Законот аз финансиско работење, беше спомнат. Тоа е оној кој дава можност односно покренува иницијатива за одење во сте- чај, 60 или 75 дена. Неопходна е негова измена паралелно со овој закон, бидејќи двата се надоврзуваат, таа граница или можност од 75 дена се замени со фиксен износ од 90 дена услов на неликвидност како услов за стечај.

Сега се поставува прашањето дали тоа ќе биде ЗПП што ќе ја покрене таа пријава или доверител. Ако ЗПП се трансформира тогаш мора да биде јасно. Во законот стои стечај може да биде покренат од страна на доверителот и на самиот должник. Но, за сега нам ни се случува тоа да го покренува ЗПП. Ако таа институција се трансформира во иднина, не знаеме нејзината судбина каква ќе биде, тогаш таа можност треба да се даде на доверител. На кој? Во една фирма може да бидат 5, може да бидат 20. Тоа право за покренување постапка мора да се види дали со процент кој најмногу учествува во побарувањата, мора да биде јасно прецизирано во одредбите на овој закон. Во основа мислам дека законот е добар, ликвидацијата овде не е, таа префрлена во законот за трговски друштва, не ја сретнав, мислам дека е тоа добро и ми се чини дека овој закон во многу треба да придонесе за правилно разрешување на стечајните постапки што се водат во нашава држава заедно со судството што е составен елемент.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Молам сите пратеници да влезат.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за стечај.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (52 )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Не)

Молам, колку пратеници има во салата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (продолжение)

Уште еднаш предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да -крене рака? (59 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Бидејќи има предлози од една комисија Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави нацрт на овој закон, на гласање прво го ставам следниот заклучок:

Прво, Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави нацрт на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Второ, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието, да се достави до Владата на РМ, до Министерството за правда и до Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?(11)

Констатирам дека предложениот заклучок не е усвоен.

Бидејќи Собранието не го усвои претходниот заклучок му предлагам на Собранието да го усвои следниот заклучок.

Прво, Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењето и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Второ, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на РМ, до Министерството за правда и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?(59

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (2)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Преминуваме на **Дванаесеттата точка** од дневниот ред- Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на основните судови.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој  бара збор?

Има збор г-динот Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници, со оваа одлука се предвидува да се изврши објавување на избор за претседатели на основни судови во РМ. Јас ќе ве потсетам само дека пред неколку седници кога ги избиравме судиите во основните судови во РМ не избравме 48 или 50 судии воедно во одредени основни судови немаше доволен број пријавени кандидати до потребниот број што е предвиден така што можеме да располагаме со бројка од 70 судии за кои треба да се обезбеди дополнителен избор за да предвидениот број на судии со законот за судовите и со систематизацијата биде дополнет.

До колку сега одиме со објава за избор на претседатели на основни судови овие дополнителни судии ќе бидат онеправдани т.е. тие ќе немаат можност да се пријават на објавата за избор на претседател на судовите. На пример во Кочани од 18 предвидени судии се избрани само"10. Значи од 70 до 80% неизбрани. Во Струмица од 27 судии избрани се 17, во Прилеп 5-6 неизбрани, во Битола и во други општини.

Би го замолил предлагачот да ја повлече оваа предлог одлука и истата да биде на една од септемвриските седници до кога ќе биде направено пополнување на предвидениот број на судии во основните судови , а до колку предлагачот не го прифати би ве замолил да се почека малку со расправата по оваа одлука бидејќи се куца предлог амандманот од моја страна тој гласи во основните судови во Републиката во кои не е извршен предвидениот број на судии, примената на оваа одлука да биде од 1 октомври.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ве молам, овде имаме две варијанти да гласаме по предлогот на г-динот Беличев.

Првата варијанта е предлагачите г-динот Филиповски и г-ѓа Митрева да ја симнат од дневен ред односно повлечат предлог одлука и втората варијанта при гласањето на одлуката да се определи Парламентот дали ќе го прифати предлогот на г-динот Беличев или не.

Отворам претрес по амандманот на г-динот Беличев.

Тој го кажа од говорницата, а тоа значи за основните судови каде не е докомплетиран изборот на судиите, изборот на претседателот да се одложи

Г-динот Стојковски бара збор.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Предлагачот на амандманот не кажа за кои судови се работи, бидејќи има судови во кои не се избрани двајца или тројца судии , или заради двајца - тројца судии кои не биле предложени од судскиот совет во првата етапа на избор не верувам дека тие што останале се

најквалитетните за претседател на суд, меѓутоа, барам да се гласа за предлогот што го има предложено Филиповски, а предлагачот да се изјасни за кои судови предлага да не се гласа. Ако мисли за Кочани да гласаме за Кочани, ние пратениците од Куманово сметаме што поитно да се избере претседател на судовите бидејќи немање на, морам да кажам, газда во една фирма , во една куќа, во еден суд нема ни работа. До колку не избереме претседатели на судови, судовите ќе останат со рејтинг на работа што го имаа до сега.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да нема никаква забуна сега ќе се умножи, а јас ќе го прочитам амандманот, г-динот Беличев го интерпретираше. "Амандман на одлуката за огласуваше на избор на претседатели на основните судови на РМ се додава нов член 2 кој гласи: Во основните судови во РМ во кои изборот на судии не е целосно извршен, огласувањето избор на претседатели ќе се изврши по 1 октомври 1996 година".

Дали уште некој друг бара збор во врска со амандманот.

Има збор г-динот Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Во прилог на дискусијата на мојот претходник ситуацијата со Титов Велес потребни се 20 судии за Основен суд, меѓутоа, Републичкиот судски совет има предложено 19. Значи, сите што се предложени Собранието ги прифати. Во тој случај ако се усвои амандманот што со Титов Велес? Што ако Републичкиот судски совет во догледно време прво, нема доволен број на кандидати и не се пријави некој кој ќе биде прифатлив како таков тоа значи Титов Велес на пример шест месеци ќе биде без претседател. Има повеќе такви ситуации Јас не сум да се прифати предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека забелешката што ја изнесе г-динот Беличев е сосема од принципиелна природа и не само од принципиелна природа туку се работи, по мене и за уставна повреда на одредбите од Уставот на РМ доколку денеска се усвои одлуката генерално за сите основни судови во РМ. Јас да ве потсетам за апелационите судови избравме претседатели од оној момент кога се комплетира целиот состав на апелационите судови во РМ'. Мислам дека во овој случај треба на ист начин да се постави без разлика што нашата желба што побргу да ја конституираме судската власт. Оваа ситуација ќе можеме да ја надминеме доколку се прекине расправата по оваа точка да се даде еден заеднички амандман било од предлагачот или од пратениците со кој ќе се надмине таа ситуација да продолжиме по друга точка од дневниот ред, а потоа да се вратиме на оваа ситуација со еден амандман кој ќе ги премости сите одредби. Во спротивен случај ќе ја направиме невалидна одлуката затоа што правото на одреден број членови на основните судови кои треба дополнително да бидат избрани не ќе можат да конкурираат по овој оглас. Тоа произлегува и од законската обврска која ја усвои овој Парламент и од решението во законот за судовите дека изборот на претседателите на основните судови се врши од кандидатите кои ќе конкурираат за претседатели а се избрани за судии во основните судови. Таа е категорична норма која целокупната постапка треба да ја прилагоди спрема таа норма. Мислам дека се работи за сериозен проблем кој треба да биде надминат на начин на кој бараат нормите кои до сега ги усвои ова Собрание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор, господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници, јас обратно би го поставил проблемот, прво, би сакал да кажам два три збора заради функционирањето на основните судови ние не смее да ја пропуштиме приликата да се изберат претседатели на судовите и не постојат никакви законски ниту уставни пречки тоа да го направиме, да објавиме а подоцна да избереме претседатели. Судот никогаш не може да биде комплетиран ниту и да имаме постапка за избор, може Собранието и тие што ќе бидат предложени од Републичкиот судски совет да ги одбие, -а тоа го поврзувам со правото на еднаквите можностите по членот 9 од Уставот на РМ каде кажува дека сите сме еднакви пред Уставот и законите, па оттука стои фактот еден голем аргумент кој не е судија не може да поднесе молба да биде именуван и избран за претседател. Сите кои се избрани за судии можат да поднесат молба со тоа ние не го нарушуваме еднаквоста на кандидатите кои се судии сега во моментот. Да кажам и тоа иако имавме генерален избор на судиите согласно Законот за судовите и Уставот на РМ ние никогаш судовите не можеме да ги комплетираме со судии 100% затоа што животот тече и секогаш ќе стои празно место некој ќе замине во пензија на некој, ќе му се случуваат работи кој ќе биде разрешен од судија или ќе почине, ќе се испразни местото така што во моментот на изборот на претседател никој не може да биде оштетен ако не е судија. Тоа значи само кои се избрани за судии можат под еднакви услови да бидат избрани и оттука гледам дека Собранието не прави никаква формална повреда ниту материјална повреда на Уставот затоа што само судии ќе учествуваат на изборот, а за Собранието не постои никаква законска пречка да ги избере претседателите.

Сакам да нагласам заради успешно функционирање на судот согласно Деловникот за работа на судовите претседателот на судот си има сопствени ингеренции почнувајќи од организацијата на работата на судовите, делењето на предметите, организирањето на одделенијата во судовите што значи целокупно функционирање на судот на кој треба да се избере.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на 'гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување на избор на претседатели на основните судови.

Преминуваме на **13-та точка** од дневниот ред избор на судии поротници во апелационите и основните судови.

Предлозите за избор на судии поротници ви се доставени

Отворам претрес по предлозите за избор на судии поротници во апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Преминуваме на гласање.

Предлогот за избор на судии поротници во Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека за судии поротници во Апелациониот суд во Скопје се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака ?(67)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека за судии поротници во Апелациониот суд во Битола се избрани сите предложени кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Апелациониот суд во Штип го ставам на гласање.

Кој за предлогот, молам да крене рака? (65) Д

али има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека за судии поротници во Апелациониот суд во Штип се избрани сите предложени кандидати.

Отворам претрес по предлозите за избор на судии поротници во основните судови.

Молам ,кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Берово го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Берово се избрани сите предложени кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Има збор претседателот на Врховниот суд.

**ДИМИШКОВСКИ ДИМИТАР:**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА:**

Почитуван г-дин претседателе,од в.д претседателот на Основниот суд во Битола сум известен дека кандидатот под реден број 35 ЛИЛЈАНА НАУМОВСКА, е веќе избрана за судија на Основниот суд во Битола и во тој дел предлогот се повлекува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, бидејќи предлогот на еден кандидат е повлечен, предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Битола, со оваа исправка го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

66 патеници креваат рака.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Битола се избрани предложените кандидати:

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Гостивар се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Гевгелија се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Дебар го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Дебар се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Делчево го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Делчево се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во КАВАДАРЦИ го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во КАВАДАРЦИ се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во КИЧЕВО г о ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во КИЧЕВО се Избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во КОЧАНИ го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во КОЧАНИ се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во КРАТОВО го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во КРАТОВО се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во КРИВА ПАЛАНКА го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 )

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во КРИВА-ПАЛАНКА се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во КУМАНОВО го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во КУМАНОВО се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во КРУШЕВО го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

61 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во КРУШЕВО се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во КРУШЕВО  го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

61 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во КРУШЕВО  се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во НЕГОТИНО го ставам на гласање.

Кој е за предлогот,молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во НЕГОТИНО се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во ОХРИД го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во ОХРИД се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во ПРИЛЕП го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во ПРИЛЕП се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во РАДОВИШ го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во РАДОВИШ се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во РЕСЕН го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во РЕСЕН се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во ВИНИЦА го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во ВИНИЦА се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во СВЕТИ НИКОЛЕ го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во СВЕТИ НИКОЛЕ се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во СКОПЈЕ I –Скопје го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

али има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во СКОПЈЕ I - Скопје се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во СКОПЈЕ II - Скопје се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во СТРУГА го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во СТРУГА се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во СТРУМИЦА го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во СТРУМИЦА се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во ТЕТОВО го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласаше? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во ТЕТОВО се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во ТИТОВ ВЕЛЕС го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

61 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во ТИТОВ ВЕЛЕС се избрани предложените кандидати.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во ШТИП ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

61 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во ШТИП се избрани предложените кандидати.

На сите новоизбрани судии - поротници им го честитам изборот и им посакувам многу успех во работата.

Минуваме на **<u>точката 14</u>** - <u>Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Саборот на Република Хрватска.</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен,.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не' бара збор, го заклучувам претресот и отворам претрес по текстот на Одлуката.

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Молам да се констатира колку пратеници се присутни во салата. (Се пребројуваат пратеници во Салата)

Уште еднаш Одлуката ја ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Саборот на Република Хрватска.

Минуваме на **точката 15** - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Словенија.

Предлогот на одлуката вие доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Одлуката.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (3)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Р. Словенија.

Минуваме на **точката 16** - Предлог на одлука за разрешување од функцијата претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој. е за предлогот, молам да крене рака?

30 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

12 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

7 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието не ја усвои предложената одлука.

За збор се јавува г-дин Наќе Стојановски - процедурално.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете, уважени господине претсдателе, не е завршено туку сега тек почнува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас мислам дека точката на дневниот ред заврши.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Да, јас се јавив и по повод на точката на дневен ред. Јас мислам дека како што претходно, процедурална е мојата забелешка, по- повод на гласањето за избор на поротници - судии во основните судови е направена деловничка грешка. Јас се консултирав со предлагачот .интервенирав,тој ми ја прифати таа интервенција, рече дека е во ред работата. Мислам дека ќе настанат правни последици од првото донесување на поединечните одлука на судовите со оглед на неправилниот избор на поротниците од ова Собрание за составите во судските совети во основните судови. Незадоволните странки, субјекти во однос на конкретни предмети, покрај другите повреди, ќе се повикуваат и на оваа повреда.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Ќе имаме една ситуација која ќе биде тешка за парламентот, а веројатно од тоа ќе произлезат и материјални последици.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не разбирам што е деловничката интервенција?

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Деловничката интервенција е во тоа што се крши деловникот како претходниот пат така и по повод оваа точка сега, по повод моето барање за ослободување од функцијата претседател. Скршена е на таков начин што Собранието деловнички не треба да се изјаснува со гласање во овој случај, туку дури кога ќе дојде предлогот за избор на нов претседател на Комисијата. А моето бараше се доставува до пратениците согласно деловникот, и тоа се прима на знаење. Ако е првичната волја во тоа на кандидатите кои обавуваат одредена јавна функција и првичнио услов да се почитува нивната волја во успешното обавување на таа функција дека тоа треба да се прими на знаење и така треба да се постапи. Таков е и текстот во образложението во одлуката, а никакви други оценки на пратениците да ценат во смисла на тоа дали ќе ги прифатат причините или нема да ги прифатат причините за барањето за ослободување од функцијата. Мислам дека намерно е тоа направено со изигруваше на деловничктие одредби и уште еднаш да прецизирам дека тоа треба да се направи, да се достави само да го примат, да ова Собрание го констатираат дека е доставено такво бараше конкретно од Наке Стојановски и никакво гласање по тоа прашање нема. Барам образложение по ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-не Стојановски еве ќе го прочитам, јас мислам го имаат сите пратеници вашето бараше за ослободуваше од функција. Вие не поднесувате оставка на претседателот, на функцијата претседател на

Комисијата и да ги известите пратениците за тоа. Тоа е една деловничка процедура ако поднесувате оставка и го информирате Собранието дека поднесувате оставка. А вие барате ослободување од функцијата. На кој начин ќе ве ослободи од функцијата Собранието? Само со одлука не може со друг начин. Според тоа ако сте имале намера да поднесете оставка требало така да го формулирате вашето барање, а не до го изложувате Собранието да одлучува, а вие сте имале намера да поднесете оставка.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас незнам на кој начин мислам тоа треба да се направи ако јас на крајот категорички бидејќи ги имаат сите пратеници кажувам захвалност за досегашната соработка на членовите и на стручната служба значи, дека тоа е завршен чин од моја страна, а формулацијата е прашање на стил г-дине претседателе, што не мора сите класично да го применуваме како што вие сметате. Дури да ве потсетам вие исто до пратениците доставивте известување дека после добивањето на овој мој допис дека поради карактерот на поднесеното барање молам Комисијата да изготви нов предлог за претседател и кое го имате доставено до претенциите. Од каде сега тој ваш нов став мене не ми е познато.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас таков предлог незнам. Ако има некој пратеник потпишано нека го достави, нека го донесе, дека сум јас потпишал таков предлог. Да се разреши г-динот Наке Стојановски.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Вие имате доставено акт мислам до Комисијата за избори и именување дали имате доставено?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве што пишува во актот што го потпишав јас. Во прилог Ви се доставува барањето на г-дин Наке Стојановски за ослободување од

функцијата претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ. Со оглед на природата на барањето што значи викате да се ослободи од функцијата, молам комисијата д а подготви предлог на одлука за разрешување на г-дин Наке Стојановски од функцијата претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата по негово барање. тоа стои во дописот, писмото до патниците, а не да избере Собранието нов претседател. Тоа е ваша интерпретација. според тоа Деловникот го кршите вие, а не јас. Во Деловникот и во Уставот пишува на кој начин ќе се даде оставка и на кој начин Собранието ќе одлучува по разните предлози на пратеници.

Ако имате намера да поднесете оставка, поднесете ја оставката ве молам. Во писмена форма како што предвидува Деловникот.

Минуваме на **точката 17** - Предлог на одлука за давање согласност на статутот на Јавната здравствена организација Републички завод за трансфузиологија - Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здрвство и законодасвно - правната комисија Ви е доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го з заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака?

52 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (никој)

Молам, дали имаме кворум за одлучување. Колку пратеници се присутни во салата?

62 пратеника се присутни во салата.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Републички завод за трансфузиологија - Скопје.

Минуваме на **точката 18** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација здравствена станица "Железара" - Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бедејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствена станица "Железара" - Скопје.

Минуваме на **точката 19** - Предлог на одлука за давање согласност на одлуката за промена на називот на здравствениот дом "Ростуше" село Ростуше.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор Герид Мусовски.

**ФЕРИД МУСОСОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, и почитувани министри, што се однесува за предлогот на одлуката за давање согласност на одлуката за промена на називот на здравствениот дом "Ростуше" село Ростуше по мое убедување доаѓа со големо закаснување од период од 5 до 6 години од следните причини: После смртта на д-р Русе Бошковски, работничкиот совет при Здравствениот дом"Ростуше" од село Ростуше донесе одлука Здравствениот дом да го носи неговото име и да се изработи биста со ликот на д-р Русе Бошковски. Истата одлука до денес не е спроведена од субјективни причини кои во ОВОЈ момент не сакам да ги елаборирам. Заслугите на д-р Русе Бошковски за развој на Мавровско - реканскиот регион во кој регион го посвети својот работен век се големи. со донесувето на оваа одлука се исправа грешката која досега е направена како што кажав од субјективни причини и со овој чин се оддава големо признание и благодарност на неговото семејство кое беше жртва на ентузијазмот и беспрекорната работа на д-р Русе Бошковски за развој на гореспоменатиот регион. Од горе наведените причини апелирам до сите пратеници да се подржи предлогот на одлуката за што Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на одлуката за промена на називот на здравствениот дом "Ростуше" од село Ростуше.

Минуваме на **точката 20** - Информација за бројот на граѓаните на Република Македонија за која се води постапка за стекнување право на државјанство и кои по ниеден основ не можат да добијат државјанство.

Информацијата Ви е доставено.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Године претседстеле, дами и господа точно е тоа дека еден од пратениците, односно како координатор на пратеничката група инсистирав цело време да добиеме една информација за бројот на граѓаните на Републичка Македонија за кои се води постапка за стекнување право на државјанство и кои по ниеден основ не можат да добијат државјанство. Откога ја добивме информацијата уште повеќе сме сведоци односно гледам дека добро е што инсистирав и добро дури и што анимирав да и координаторите на другите пратенички групи доставуваат едно такво барање затоа што имаме една прилика кога добиваме една информација и малку простор останува за сите тие манипулации и бројки кои навистина најмалку не кореспондираат со тоа што добиваме како информација од ресорното министерство, односно од Владата на Република Македонија. Вие многу добро се сеќавате дека се работеше за бројки кои од разни извори ги добивавме до 140 илјади,120 илјади со граѓани без државјанство итн. Затоа и сакам да го искористам тоа. Малку ќе биде оптеретување за вас. Само да објавам така некои бројки кои навистина ни овозможуваат ние на еден начин да најдеме метод за ефикасност и овие барања од граѓаните кои ни се доставени да се решаваат така да добиваме едно салдо кое е подносливо во однос на државјанството на граѓаните. Во информацијата имаме едни бројки 2862 предмети се во постапка за прием, утврдување и отпуст од државјанство. Од кои 1792 се во првостепена постапка за прием во државјанство на Република Македонија 332 во постапка за утврдување на државјанскиот

статус, 72 се во постапка по жалба пред второстепената комисија при Владата на Република Македонија,. 318 во постапка пред Врховниот суд и 348 предмети се во постапка за отпуст од државјанство на Република Македонија. Од вкупно 1792 барања во првостепена постапка бидејќи баравме и националната структура на предметите, односно барањата на граѓаните, две бараша се од словенци, 58 од хрвати, 67 од роми, 19 8 од македонци, 418 од муслимани, 452 од срби, 584 од албанци, и 13 од другите националности. За утврдување и констатација на државјанскиот статус на 'РМ, се работи на 332 предмети, од кои 68 ма* донци, 112 албанци, 64 муслимани, 79 срби, 3 хрвати, 4 роми и 2 од другите националности односно од други етнички групи. А пред Врховниот суд на Република Македонија по покренат управен спор се чек одлука по 318 предмети за прием, утврдување и отпуст од државјаните. За отпуст од државјанство имаме некои бројки 175 се македонци, 62 се албанци, 48 муслимани итн. Веројатно се поставува прашањето дали се овие бројки точни. Одговорот во овој случај без разлика дали се работи за каков степен на доверба во институциите на државата се работи,меѓутоа, бидејќи е од една институција на државата на Република Македонија тоа значи дека во овој случај до овие бројки кои се доставени како информација ние како парламентарци му би требало да веруваме. Без разлика на сите сомневања, резерви што постојат кај одредени граѓани дека може би и со овие бројки се манипулира. Мојата резерва е само во тоа што има доста граѓани кои сеуште немаат поднесено, односно немаат поднесено барање за прием во книгата на државјанството на Република Македонија. Зошто?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Зошто? Затоа што постоел еден заклучок од Министерството за надворешни работи, односно од Владата на Република Македонија до скоро дека сите тие граѓани кои привремено живеат и работат во странство, тие не можеле по никаква основа да добијат патна исправа од нашите амбасади и конзуларни претставништва во странство за да можат да патуваат односно да дојдат во Република Македонија и тие самите да поднесат и барања да регулираат државјанство, нормално, со поднесување на документи.

Исто така, има доста пресуди кои се позитивни да кажеме, од Врховниот суд на Република Македонија, а во органот каде што треба да се извршуваат како такви сеуште не се извршени, односно многу бавно се извршуваат како такви, а ние знаеме дека од една повисока и највисока инстанца во судството, ако решенијата се позитивни односно пресудата е позитивна, тогаш мислам дека не треба многу да се чека.

Исто така, цениме ние како Парламентарна група дека доста имаме и такви случаи каде што таа администрација, која е задолжена да ги упатува граѓаните, да им помага на граѓаните, мислам тоа што е најистурено во Министерството за внатрешни работи, а надлежна за овие работи, мислам дека треба повеќе и подобро да објасни врз ос-нова на едно упатство од Министерството за внатрешни работи која е донесена, односно дистрибуирана како циркуларно писмо уште на 26.07. 1995 година. Таму во текстот стои некои олеснителни околности каде што службените луѓе,лица, од дотичното министерство, т.е. Министерството за внатрешни работи требало упатството да го уважи и на граѓаните да им објасни кој е начинот за да дојдат во една позабрзана постапка до стекнување на државјанство, затоа што не се работи за граѓани на кои не им следува државјанство, туку постапката премногу

е бавна. Морам да признам и да ви кажам дека во оваа проблематика во последно време имавме скоро одлична кооперативност со началникот кој е надлежен за државјанство  на граѓаните, меѓутоа, мислам дека дури и претеравме. Еве јас како пратеник и господинот Тахири, па и други беа ангажирани за да контактираат непосредно, меѓутоа мораме да признаеме дека од време навреме беше и зафатено и во извесни периоди беше и надвор, или во Советот на Европа, или во други институции, за да може да добива искуства од меѓународните институции, па доаѓаа и одморите, така што кога не е началникот, веќе е многу потешко и да се комуницира и да се добива во тоа што е експедитивност и ефикасност во добивање на државјанство. Сега, тие пунктови кои се ангажирани или треба да бидат ангажирани за регулирање на проблематиката околу државјанството, јас мислам дека таму треба да се зголеми ефикасноста и експедитивноста за да се ослободиме. За тоа нема никаква логика, дури и не е добро да кажеме еден координатор на една пратеничка група нон стоп или со другите пратеници да биде ангажиран во работи кои се чисто административни и во работи каде што треба да бидат надлежни и ангажирани администратори т.е. службени лица. Мислам дека од нивна страна без погрешно да се сфатиме треба малку повеќе љубезност, повеќе објаснувања на граѓаните, затоа што државјанството е проблем кој имплицира и други проблеми. Мислам со исправи, документи итн., и многу е чувствително прашање. Дури можеби некои примери се банални, но морам да ги кажам. Да кажеме се случува од странство се враќаат на летни одмори да користат одмор граѓани, жената останува таму, а таткото доаѓа со децата, затоа што не можела досега да добие државјанство, односно нема регулирано државјанство, немала можност да дојде тука за да ги достави сите тие документи, што треба односно што е потребно за државјанство и сега тоа се веќе семејни, фамилијарни

трауми. Значи, мајката останува таму, таткото доаѓа со децата итн. Мислам дека во минатата недела, не знам може некој да ме потсети, но донесена е една нова одлука во Владата на Република Македонија, односно заклучок во Владата на Република Македонија и е решен проблемот, можеби малку со задоцнување за да можат и нашите конзуларни претставништва и амбасади да им даваат некој патен документ на тие граѓани да можат да дојдат да поднесат барање, односно се што треба за да се добие државјанство,.

Исто така, еден од членовите на законот, односно членот 7, каде што после рокот поминат за пријавување и поднесување на барање за државјанство. Членот 7 со став 1 и точка 7 каде што во делот со, мислам делот на Законот со природуваше да се добиваат државјанства. Тука мислиме од сите податоци, информации, и контакти со граѓаните претерано е дискреционото право на луѓе кои се задолжени да дадат позитивно или негативно мислење за тие граѓани кои мислат дека ја загрозуваат наводно државата. Имаме примери, навистина многу се банални, жена од 70 години, или човек кој навистина ама по никаков основ не е познат дека ја загрозува државата, а добиваат негативно мислење од дел од ресорното министерство, така што има такви случаи кога се добива и од судот потврди и дека не е кривично гонет итн., а од дискреционото право, сега тоа знам дека не оди директно од министерот за внатрешни работи, но, имаме такви проблеми кои навистина не држат. Не држат за прилики во едно демократско општество како што мислиме дека одиме на тоа во Република Македонија.

Исто така, мислам дека ПДП, Парламентарната група на ПДП, премногу е истрошена, премногу трошеше време и кондиција да се бави со проблеми кои се во надлежност на една администрација, т.е.

министерство за внатрешни работи. Некој може да рече, па што баравте вие и зошто се заинтересиравте, односно што се вовлековте вие во сето тоа. Морам да ви кажам дека сето тоа е дополнително, односно да се помогне таму каде што граѓаните не можеа дури да имаат и пристап. Кога велам пристап не само до шалтерот каде што е одреден за државјанство, туку во пунктот, каде што може да се обави еден разговор со службените лица од Министерството за внатрешни работи за да можат да ги обавуваат односно да ги задоволуваат нивните права, во овој случај и правото за стекнување на правото за државјанство. Па, затоа, дури и моравме да формираме наши пунктови. Верувајте ми дека ПДП дури мораше да ангажира свои пунктови, врз основа на тоа таква инфраструктура и каде има инфраструктура за да можат да контактираат со граѓаните, па да им помогнат и стручно за да ги комплетираат и докомплетираат документите за да можат да дојдат до тоа што е нивно право, односно правото за стекнување на државјанство.

Сега, после добивање на една ваква информација, ние како Собрание, мораме да поттикнеме експедитивност и ажурност во надлежната администрација, надлежното министерство, за да можат и овие граѓани кои ги имаат во постапка нивните државјанства да добијат државјанство, затоа што верувајте ми дека од секојдневните контакти, убеден сум до крај дека е многу чувствително прашање, затоа што се регулираат и многу други семејни проблеми со самото стекнување на државјанството, односно земање на уверението за државјанство.

Сега господине претседателе, вие кажавте дека заклучоците треба да се дистрибуираат. Тие се поделени и јас ако треба овие заклучоци ќе ги презентирам и врз основа на тие заклучоци .....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како сакате, тие се поделени меѓу пратениците, а ако вие сметате дека треба, повелете.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас сметам, пошто се заклучоците се предложени од пратеничката група на ПДП, еве да ги презентирам пред вас и потоа да одлучиме како Парламент.

Врз основа на член 32 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а по повод Информацијата за бројот на граѓани на Република Македонија за кои се води постапка за стекнување право на државјанство и кои по ниеден основ не можат да добијат државјанство, предлагаме Собранието на Република Македонија да ги донесе следните заклучоци:

1. Владата на Република Македонија да преземе потребни мерки за поголема ажурност и поефикасно завршување на постапките за стекнување право на државјанство на граѓаните кои досега не го регулирале ова свое право. Притоа, службените лица да покажат поголема спремност во контактите со граѓаните кои го немаат правото на државјанство со давање благовремени и дополнителни информации за текот на постапката при стекнување на државјанство.

2. Граѓаните на Република Македонија кои привремено живеат и работат во странство, а сеуште го немаат регулирано државјанството на Република Македонија да им се овозможи при нивното враќање во земјата да го регулираат државјанството.

3. Поефикасно да се извршуваат правосилните пресуди на Врховниот суд на Република Македонија по однос на жалбите против одлуките на андлежните органи во Министерството за внатрешни работи и Второстепената комисија на Владата на република Македонија.

4. Да се преиспитаат решенијата за одбивање на барањата за прием на" државјанство на Република Македонија по основ на член 7 став 1 точка 7 од Законот за државјанството на Република Македонија, а и на оние кои немаат регулирано, легален престој во Република Македонија,поседуваат уверение од надлежните судски органи дека против нив Ме се води кривична постапка и дека немаат правосилна пресуда за кривично дело да им се овозможи да се стекнат со државјанство на Република Македонија.

5. На родителите државјани на Република Македонија да им се овозможи нивните деца да се стекнат со државјанство на Република Македонија по итна постапка.

б. Овие заклучоци да се достават до Владата на Република Македонија и да се објават во "Службен весник на Република Македонија."

Овие се заклучоци кои ги предлагаме како Парламентарна група и верувам дека во меѓувреме и сте ги читале, ги слушнавте и верувам дека ќе имаме поддршка за заклучоците.

Благодарам за вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи станува збор за неколку заклучоци и тоа предложени од Парламентарната група на ПДП, јас објавувам пауза до 15,30 часот за да можат и сите пратеници поединечно и Пратеничките групи да ги погледаат овие заклучоци.

(По паузата седницата продолжи во 16,00 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со расправа.

Молам, кој друг се јавува за збор по Информацијата за бројот на граѓаните на Република Македонија за кои се води постапка за стекнување на право на државјанство и кои по ниеден основ не можат да добијат државјанство. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пратеничката група на ПДП предложи заклучоци.

Предлогот на заклучокот поднесен од пратеничката група на ПДП го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Преминуваме на **21 точка** - Информација за остварување на договорите што се потпишани со Северна Рајна Вествалија за "азилантите".

Информацијата ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри, јас барав да се состави една ваква Информација за остварување на договорите што се потпишани со Северна Рајна Вествалија за "азилантите" односно Ромите кои требаше да се вратат, односно се вратија од Германија како реинтегрирани. Видовме еден бомбаст наслов овде, Влада на Република Македонија па Информација, па се ова што пишува, меѓутоа, кога видов внатре што пишува на еден лист хартија, да ви кажам право, се разочарав и заради тоа јас ќе се потрудам нешто да прочитам. Би ве молел да ме сфатите онака како што човек со човек може да се разбере, заради тоа што вие сте пратеници од сите општини во Република Македонија и секаде од каде што доаѓате живеат Роми. Тие Роми гласови- те ги дале за оние пратенички групи, односно партии како добиле напатствија, а тоа беше Сојузот за Македонија. Дозволете да кажам неколку збора.

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри, бидејќи барав да се состави Информација за остваруваше на договорите што се потпишани со Северна Рајна Вествалија за таканаречените "азиланти", Информацијата ја добив со наслов за кој обичниот човек би рекол дека е многу бомбастичен. Ја прочитав Информацијата како и сите вие што сте овде и морам да признам дека не сум добил некој бомбаст одговор, туку одговорите се базираат на сето она што секојдневно го знаеме што се случувало и тоа се во глобала. Апсолутно е точно дека многу наши граѓани од Република Македонија си ги напуштија домовите и одеа да бараат разна помош и тоа најповеќе во Западна Германија, затоа што знаеа дека Германија за време на Втората светска војна во сите боишта во Европа и во логорите во Аушвиц и во Дахау, покрај Евреите, уништија најмногу Роми. Ромите не добија

никаква воена оштета, репарација, макар што во нашите југословенски или сега македонски сфаќања, ако го видиме Зборникот на паднатите борци ќе видиме голем број Роми кои ги дадоа животите за слободата и создавањето на Република Македонија.

Ако било кој од нас отиде на Француски гробишта во Скопје и на северозападниот дел од Француските гробишта ќе види две ископани дупки повеќе од 40 метри длабочина и широчина повеќе од 20 метри, кои беа наменети за уништување на Ромите. Но по некоја среќа тоа беше избегнато. Се знае каква беше социјалната, економската и политичката ситуација во некогашната, до пред некоја година Социјалистичка Република Македонија и тие тогаш почнаа еден по еден да бараат прибежиште точно во Германија. Во тоа време ја се наоѓав во Австралија.

По моето враќање од Австралија ме повика стариот Извршен совет, неговиот потпретседател, господинот Тито Беличанец. Беше сабота и ми понуди седум вида на програми за реинтеграција на Ромите од Германија во Македонија и ми кажа дека во понеделникот ќе дојде делегација од Сојузна Република Германија и нашата тогашна СФРЈ. Јас во понеделникот присуствував на овие разговори и во овие разговори нашите гледаа што повеќе пари да земат од Германците, а Германците што помалку да дадат, кажувајќи дека ќе ги натоварат Ромите во камиони и во Суботица ќе ги растоварат. Така викаше германската страна. Тогаш јас земав збор, иако за тоа се противеше малку господинот Беличанец и им кажав наш партиски став дека ако тоа тие го направат, тогаш веројатно ќе добијат еден прекар, барем од нас, дека се наследници на Хитлер. Да се земат луѓе, да се товарат и да се растоварат некаде, тоа се знае што е. Тоа може да биде само со стока. Врз база на тоа што го кажав таму, тоа е многу големо, јас им предложив да ги задржат и

Ромите таму и да им дадат "офентал" за да работат и да не ги претвораат од работливи во неработливи, а не да живеат од некоја социјална или незнам каква помош таму.

Второ, доколку ги вратат, однапред шест месеци, нека склучат договор со Владата на Република Македонија и оние кои сакаат доброволно да дојдат, нека дојдат доброволно, а не со сила. Значи доброволно, да им направат станови, шест месеци да примаат апанажа, некоја социјална помош и за исто време да се преквалификуваат и за тоа исто време да се изградат мали стопанства, мали фабрики, "смол-бизнис", а производите од тој "смол-бизнис" да се пласираат тие производи на запад, бидејќи овде кај нас тогаш по рафтовите на сите стоковни куќи и тн., ако се сеќавате, немаше ништо, се беше разграбано, се беше однесено горе на север и така бевме доста сиромашни.

После ова настана една голема пауза од околу година, година ипол, меѓутоа, таму во Германија размислуваа за овие предлози. Јас кај себе имам податоци и дел од записниците на Владата на Северна Рајна Вествалија, како и заклучоците при нивното доаѓање во Република Македонија, што се се зборуваше, на пример господата министерот Клемен и Ханс Јурген Милер, кои што нашиот министер овде ги знае кои се. Милер, претставник на Владата на Северна Рајна Вествалија одговорен за реинтеграционата програма и економските контакти со Македонија.

Интересно е да се спомне дека се овде што пишува во програмата за бројот на становите и бројот на луѓето што се вратени, како и помошта што ја добиваат од Северна Рајна Вествалија е точна. Меѓутоа, од записниците на господата ад Германија добро се гледа дека оваа програма требаше да важи за прифаќање на 140 односно до 2000 Роми. Тие записници се чуваат како некоја тајна не знам од кој степен, меѓутоа,

ги имам, некако сум ги добил - кои што живеат во Северна Рајна Вествалија и како што рече господинот Беспе, пратеник на Социјалдемократската партија на Северна Рајна Вествалија, Скопје може да биде еден европски пример за азиланската политика во иднина. На ромите во Македонија им треба повеќе помош - така се изјасни човекот.

Во Дизелдорф пак мислењето ан господинот Клозе е дека реинтеграционата програма која што е досега не е решение. Истото го мислат и Партијата на зелените и Социјалдемократите. Па ете, треба да им се помогне и на тие во Шутка, кои дошле, и на тие кои не дошле. Проектот треба да се прошири. Тие набројуваат дека и откако ќе се реши прашањето, прашањето на вработувањето ќе остане нерешено, како што се случи и луѓето немаат никаква работа, живеат од небо, живеат од воздух и тн. А тоа значи луѓето пак ќе бегаат некаде да бараат прибежиште, да бараат парче леб.

Врз база на ова повеќе роми сакаат да се вратат назад, и покрај постоењето на реинтеграционата програма. Ова го кажува одговорниот во Владата на Северна Рајна Вествалија и контактите со ромите во Скопје, бидејќи работа немаат'. Тие не беја оквалификувани за одредено занимаше, Ги дадоа во Треска два-тринаесет луѓе амали да бидат, а имаат КВ работници. Еден остана, другите напуштија работа, се разбира, сакаа да работат на своето занимање или пак да одат на преквалификација. Одеа на разни занаети, меѓутоа ништо од тоа.

Извештајот на господинот Рихард Хофер кажува дека повеќе роми сакаат да се вратат назад, меѓутоа, се плашат дали ќе имаат работа и од што ќе живеат. Господинот Хофер со авион леташе со една група од 40 луѓе до Скопје. Немам намера да кажам што зборуваше господинот Хофер, зборуваше нешто лошо, да ви кажам право, па господинот Унхе,

па некој си господин Мејрез од Демохристијанската партија, па господинот Хармс, кој е познат на Владата, кој го потпиша договорот на Северна Рајна Вествалија со Република Македонија. Тогаш имавме Експертска Влада.

При посетата на министерот Клемен во Скопје од 19 до 21 август 1-9 91 година, господинот Лепавцов, министер за урбанизам, кажа една многу несмасна шега - "на поклонет коњ не му се бројат забите". Значи, она што даваат Германците во врска со реинтеграцијата, тоа е подарен КОЈБ И затоа не треба да му се бројат забите. Многу паметен!

Господинот Кљусев кажува - не сакаме да живееме од милост, туку сакаме да имаме соработка и тој презентираше еден каталог за длабока соработка. Не е чудо дека проектот за ромите им беше перфектон презентиран како билет за повеќе. Во тој момент, господинот Лепавцов ќе рече: Иднината почнала, ромите се за нас како цвеќиња кои ја прават нашата земја поубава. На тоа господинот Клемен одговори дека има економски проблеми во Македонија, ние сакаме да помогнеме и го покани господинот Кљусев да го посети претседателот на Северна Рајна Вествалија, а понатаму во записникот стои и оправдано е дека Кљусев сака да ја прошири програмата не само за ромите туку и за другите подрачја воопшто од економијата и тоа не е лошо.

Во Информацијата пак на Ханс Јурген Милер, направена во Скопје на 2 март 1992 година, меѓу другото стои и следното:

"Оваа држава е хуманитарна, односно ова што го правиме ние не е толку хумано во перспектива, да се држат луѓето подолго време во логори и на други места за бегалци, без да има сопствена одговорност за нивниот живот и да ги исхранува преку социјална помош". Беше многу самокритичен.

Според Законот за странците луѓето кои не добиле азил и кои не потпаѓаат под заштита на Женевската конвенција за бегалци мораат да ја напуштат Сојузна Република Германија. Компетенција на право на странци е кај Владата на Сојузна Република Германија. Нормално е да можат сојузните републики да се огрешат против оваа институција, така изјавува човекот. Конкретно сојузните покраини не смеат да гарантираат самостојно право за престој, а тоа значи бркање.

Овој факт важи и за ромите кои се од Македонија. Меѓутоа, со овој истиот, д-р Ханс Јурген Милер мојата партиска делегација во хотелот "Континентал" водеше разговори скоро три часа и откако ги завршивме разговорите тој рече дека има слушнато многу за партијата и лично за мене повеќе верзии, од кои едната вели дека ромите не ме обожаваат, дека добар дел од ромите домаќини многу почитување покажуваат кон мене и трето, слушајќи ги политичарите од Република Македонија и разговарајќи со мене констатира дека разговара со човек кој добро ја познава својата работа, дипломатија, економија и тн. Ме пофали многу. Меѓу другото, на разговорот беше покренато прашањето кое се однесува на една фабрика на господинот Амди Бајрам, сегашен пратеник овде, недовршена. Предложивме Германија да учествува со свои средства за довршување на фабриката и во неа да се вработат околу 370 роми, од кои половината ќе работат на полнење на еден ипол литарски шишиња лимонади, а другите на производство на текстил. Тој се согласи со ова, но рече - откако ќе биде призната Македонија, тогаш. Меѓутоа, Македонија е призната, цел свет не признава и господинот Милер, остана господин Милер, зборовите останаа- напразно во врска со оваа инвестиција.

Во однос на Информацијата што ај добив сакав да додадам нешто што е многу важно за животот на тие граѓани. Најголем дел од граѓаните

на Македонија, мислам на ромите, се бунат зошто само во Шуто Оризари, за Шуто Оризари се зборува. Би им одговорил дека се зборува за Шуто Оризари: затоа што така е договорено со Владата на Република Македонија, а скоро од сите градови на Македонија имаше роми кои отидоа во странство надвор од Република Македонија, односно во Германија.

Пред месец - два од сите повратници се бараа по четири до седум илјади марки да платат струја. Големо прашање е од каде да ги најдат тие средства. Во Бирото за реинтеграција во Шуто Оризари, а и во населбата, по нивната преселба во Комерцијална банка, беше договорено да работи еден Ром или ромка, меѓутоа од тоа ништо. На господинот претседател Рау, кој направи посета на Република Македонија ако се сеќавате 1993 година, го прошетавме со 47 лица по него, новинари, политичари и тн. во Шуто Оризари и разговаравме. Не беше господинот Шундовски министер, господинот Пешев беше министер за урбанизам, се случи нешто што е многу чудно и што ден денес не буни нас, во што се сомневаме, дека постои нешто што би се рекло а ла афера, "Ирангејт", "Вотергејт" и тн. Се работи за следното. Во овие разговори седевме заедно со претседателот и неговиот министер, од наша страна јас и некои мои луѓе од партијата, па господинот Шунковски стои, господинот Рау седи, господинот Милер, господинот Миљовски карши нас, господинот Пешев стои и други некои новинари. Зборуваше доста сериозно за се што е направено и колку пари Германија и даде на Македонија. На крајот кажува дека е изградена нова детска градинка, ново осмогодишно училиште и нова амбуланта. Ова е ноторна невистина. Овие три работи не се изградени. Тие се изградени пред 15 години. Сега прашање е каде се отидени парите. Ние вака по договор некои луѓе, неможевме да одиме на годишен од- мор две-три години, тоа го знаат одредени лица во Република Македонија, тогаш можеше да

одам на одмор и бев во Струга и по моето враќање се јавив кај претседателот Глигоров и му ја кажав оваа работа. Се договоривме после 15,.дена за тоа, меѓутоа, одговор нема никаков, ни тој знае, ни другите раководители знаат што е со тоа. Тоа значи останува пак прашањето отворено, а граѓаните сакаа да знаат што и колку Северна Рајна Вествалија, односно Германија испратила пари во Република Македонија, за што се потрошени и каде се потрошени.

Во последно време веднаш по посетата, бидејќи го прошетав и таму каде што стои таа улица "Виетнамска" и "Нов живот", таа улица "Нов живот" целата ископана, прекопана и од половина натаму до влезот во канализација се ' е откриено, голем смрдеж и тн. и една друга улица "Виетнамска", која што е целата раскопана, а та- му живеат "азилантите", со господинот министер заедно бевме и знае за тоа.

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Испратија 200 илјади марки. Меѓутоа тие 200 илјади марки беа во нафта и нафтени деривати поради тоа што тогаш бевме под ембарго од Грција. Добро е што испратија таков материјал, затоа што нашите детски градинки, училиштата и некои работни организации не можеа без нафта , без петрол. Меѓутоа, полека тие ги вратија и денес тие се наоѓаат во градската каса на Градот Скопје и еве веќе 2-3 години не можеме да се договориме со раководството на Градот Скопје, односно со Извршниот одбор, со г-динот Фуфо, нека ми извини што Фуфо го викам знам Љупчо,Николовски Љупчо . Парите ги нема никаде. Јас мислам дека државата треба да се ангажира и парите да се потрошат таму за што се наменети.

Сето ова што го кажав претставува едно глобално искажување во Собранието на РМ. Од Собранието барам да се оснива една Анкетна комисија, некаде на есен, да ги испита сите околности под кои отидоа Роми те во Германија, се вратија, што е договорено, секој договор да го види, колку пари испратија од таму, за што се употребени тие пари и да се каже кој потпишал договор, иако стои овде, се знае кој е, г-дин Хармс од Германија и Владата на РМ претставувана од министерот "Х" и т.н. , г-динот Лепавцев и т.н.

Како пратеник, како човек и претседател на ПЦЕРМ , сметам дека Ромите во РМ не биле никогаш ништо друго освен Роми. И, едни од најлојалните граѓани во РМ. Поради ова барам Владата да ги преземе следните мерки, според правилата и определбите на ОН, Париската пвоелба, Женевската конвенција и Хашката конвенција како прво.

2. На повратниците од Северна Рајна Вествалија никој не им рекол дека ќе плаќаат струја во Скопје, односно во Шуто Оризари.

Па за тоа, за тие 4-5 години да се најде начин , дали Владата, дали Електродистрибуција ќе ги отпише и т.н. , главно луѓето немаат пари. Им исклучија еднаш - два пати струја, па им пуштија, па склучија договори повремено да плаќаат во не знам колку рати, но кој ќе плати. Луѓето не работат.

Парите што стојат во градската каса задолжително да се потрошат за канализирање на улицата "Нов Живот" и за асфалтирање на истата , како и на улицата "Виетнамска". Во ова спаѓа и озеленувањето помеѓу двата реда згради, оние високите што се. Таму е за никаде.

3. Бирото за менаџерство на СРВ во северниот дел на населбатаа има изградено, наводно, некоја фабрика во која има машини за дрвна индустрија. Даван на знаење дека Владата треба да води сметка тие машини да не "добијат нозе". Тоа се современи машини, стојат неупотребени, ништо не е направено со нив, тие стојат таму. Да се види што е тоа.

4. На Вас и најавноста кажувам дека 2,5-3 години парите што доаѓаат од СРВ доаѓаат во готово, со торби, чанти, ташни големи. На луѓето им се исплатуваше она што беше договорено во готово. Кој закон тоа го дозволува? Од џеп ваѓаат пари и им плаќаат. Ова е точно што го кажувам.

5. Северна Рајна Вествалија испрати средства за празникот Божиќ, да се купат подароци за секое дете. Тие беа во две торби, торби полни со пари. Ниту едно дете не доби ништо. Колку што се слуша, тие средства се пренесени преку граница и отидени надвор, некаде на Исток, тоа е многу лошо.

Германија сега сака да и помогне на Македонија, особено на граѓаните и им пласира 20 милиони марки како и Владата 10 милиони, Овие средства се со фиксна камата и подолг грејс период и повеќе години на враќање. Не е лошо банките и Владата да се потрудат да ги инволвираат ромите, да отворат свои бизниси што би биле профитабилни и каде ќе бидат вработени тие што немаат работа, вратени од Германија што немаат пари за струја, што сакаат да бегаат од својата татковина, да одат во други држави секогаш да бидат просјаци. Мислам дека е тоа наша задача. Инаку, цел свет ќе се смее на РМ.

Давајќи го овој осврт по повод Информацијата на Владата на РМ стојам на располагање во секое време да контактирам со одговорните лица и тоа само во Македонија за ромите во Македонија како нејзин дел, како татковина на ромите, бидејќи ние воопшто не ги слушаме одредените зборови на поедини политичари, извесни господа дека ромите не успеале да создадат своја држава никаде во светот. На приватната МТМ телевизија , Република Македонија е наша држава, тој човек заборавил, А, за преселбата на ромите од нивната прапостојбина, индискиот потконтинент, тие што зборуваат така нека размислат малку. Не сакам да кажам од која партија е тој човек, верувам дека ќе погодите, овој човек или овие луѓе или се неписмени , да ја прочитаат историјата на Индија и на големиот Ганди , Нехру, д-р Џајанти и ако сакаат нека појдат во градот Чандигар во Индија. Таму постои институт за ромски студии и ако се чесни луѓе, сигурно ќе се поклонат на се она што таму ќе го видат, затоа што еден народ кој има своја Нарајана и која извршила доста големо влијание во културата на скоро сите народи во светот, тоа не е мала работа.

И, да додадам, бидејќи овде има и пратеници од 1990 година избрани, ромите не заслужија некој да ги нарече така како што ги нарекоа, нарочно оној извесен г-дин. А, штом така ги рекол или тоа што го збореле, не е г-дин. Далеку од господин. Сигурно имал, очи, уши и мозок во главата да слуша и да гледа што во овој Парламент се случуваш Ние бевме први. Кај нас во Шутка за прв пат почна митингот за Самостојна и Суверена РМ. Ни беше гостин г-дин Киро Глигоров. на гласањето за или против ние излеговме со 98,3% во Македонија за Самостојна Република Македонија.

При прогласувањето на Уставот на РМ овде ние, во ресторанот се почестивме со 47 литри виски, без разлика на националната, верска и политичка припадност. Да, да. Има тука луѓе кој го знаат тоа , има и албуми за тоа.

Една мала тајна да Ви кажам на барање на г-динот Глигоров, и г-динот Андов мораше во едно време пред нашиот прием во ОН, во едно многу големо невреме, иако ни беше дадена службена кола, одбивме заради Х причини, моравме партиска делегација да одиме во Белград кај Индиската Амбасада да го замолиме претставникот на Индија во Советот за безбедност, бидејќи они претседаваа да ни помогнат околу приемот. Мислам дека дадовме мал придонес за после, на 8 април Република Македонија влезе во ОН. А што и како поминавме на пат,само ние знаеме. Си ја ставивме главата во торба. Тоа беше за РМ и за сите граѓани на РМ.

Ние сме граѓани на РМ. Оваа држава е наша заедничка држава Би молел, преска не сакав да земам збор, не е сега на дневен ред, јас морам да кажам дека нашите контакти со МВР со одговорните луѓе токму заради овие реинтегрирани роми и други роми кои не можеа на време да земат државјанство се на завидно ниво. Имаме големо разбирање и со

госпоѓата началничка , само треба да се одреди една замена затоа што често патува. Кога не е тука, да спомнувам сега име и презиме г-ѓата Лазарева, нека има еден човек што ќе заменува. Знаете, од странство да дојде човек, еве имаме случаи од Италија 15 години таму работат и сега треба да чека не знам колку ќе изгуби работа. Газдата му откажува.

Јас ја поздравувам РМ и овој Парламент, поготово претседателот Тито Петковски што ми дозволи малку поопширно да зборувам по ова прашање и за другото едно прашање од кое трпевме едни навреди и т.н. Но не е битно. Еден ден, времето и тие луѓе ќе ги измени. Сигурно едно време ќе се помират со судбината зашто надвор од нашата прапостојбина, Индија, живејат 53 милиони луѓе, а ние сме овде колку - толку. Не кажувам број. Колку сме, по пописот 42 илјади, 42 илјади - толку. Дали сме повише, од кај знам јас. Јас не сум ги наредил по ред вака па да ги бројам.

Ви благодарам што ме слушавте и Ве молам да им пренесете на своите граѓани на своите бирачи роми да им го кажете ова што денеска го расправавме, јас што Ви кажав од овие записници што ги нема секој Тоа е вистина. Тука се , јас можам да ги презентирам и на германски и на македонски. Меѓутоа, замолен сум тоа да не го правам и јас тоа нема да го правам. Само во корист на нашите односи помеѓу РМ и Герман! Секогаш стојам на страната на РМ и Вие знаете дека првите 4 години скоро ниту еднаш не станав овде освен за пасошите кога беше тогаш да се вратат назад на оние што ги бркаат да им ги дадат пасошите назад Тие ќе ги земат пасошите и пак бегаат. Друго ништо не зборував од говорницава.

Моите роми викаа дека јас сум македонски пратеник јас и сега потврдувам дека сум македонски пратеник. Но, тие 4 години беа многу

лоши, многу опасни, Вие знаете сите, а сега можеме да расправаме малку пошироко и за проблеми што треба лека-полека во од да ги решиме. Знам дека сите во Македонија имаме проблеми или се на почетокот или се на крајот. Знам што се случува, не можеме да најдеме излез за ромите во Штип, изгоре таа куќа и треба да се најде средства, да се направат. Да не добијат луѓето негативен одговор, да не се гледа партиска припадност на пратениците, туку да најдеме чаре. 30 фамилии се во прашање.

Знам што Куманово со тие поплави, колку пати зборував, но ништо, со таа Дива река таму што поплавува, знам и на други места како лошо живејат. Потрудете се да им помогнете, Ве молам, господа пратеници, Вие, не јас. Кога ќе дојдат кај мене, јас веднаш сликите Ваши им ги покажувам ќе одите кај фиљан човек. За Шуто Оризари не зборувам многу околу состојбата каква е од урбана гледна точка, сметајќи дека ќе добиеме статус на општина и тогаш ќе ги решаваме прашањата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот .

Минуваме на **точката 22** - Информација за преземените мерки и активности на МВР за откривање на организаторите и извршителите на атентатот над претседателот на Република Македонија.

Информацијата Ви е доставена односно поделена.

Отворам претрес, молам кој бара збор.

Г-дин Аце Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, поминаа повеќе од 9 месеци од атентатот врз претседателот на Републиката, од 3 октомври минатата година кој од граѓаните на РМ, од лидерите на политичките партии, од старешините на верските заедници во РМ како и од многу државници во светот беше оценет како груб , гнасен, терористички акт врз шефот на државата со далекосежни последици.

По тој повод и Собранието на РМ на својата седница одржана на 5 октомври донесе Декларација со која го изрази својот политички однос кон овој чин и меѓу другото во точката 6 го заклучи и следново:

“Собранието на Република Македонија очекува надлежните органи на Република Македонија брзо и ефикасно да ја спроведе започнатата истрага, да ги откријат организаторите, наредбодавачите и извршителите на овој гнасен чин.

Ефикасноста во извршувањето ан овие задачи ќе влијае на трајната стабилност и безбедност на Републиката и ќе биде доказ за цврстината и зрелоста на државата во спротивставувањето кон секакви облици на тероризам”

За жал, констатирам дека и покрај ваквите оптимистички изјави односно констатации на Собранието на РМ, можеме да кажеме дека до ден денешен сеуште нема задоволителни официјални резултати од истрагата за откривање на идентитетот на сторителите на атентатот. Дури напротив, сеуште не се создадени услови да се отвори судска истрага против сторителите на атентатот.

Од тие причини пратеничката група на ЛП, прво, покрена иницијатива за формирање наАнкетна комисија, а после тоа се одлучи

да бара Информација од Владата на РМ затоа што Собранието на РМ како пратенички орган на граѓаните односно највисок законодавен дом во Републикава треба да има увид во состојбата за досегашниот тек на истрагата и во тоа дали биле преземени сите мерки од страна на надлежните органи да се спречи атентатот, како и тоа дали биле почитувани и дали сега се почитуваат актите во врска со обезбедувањето.

Во таа смисла нашата иницијатива би требало да се третира како благородна иницијатива, а не како потез со кој пратеничката група на ЛП се обидува да собира евтини политички поени поради значењето на овој терористички акт и поради тоа што, се до оној момент додека не се откријат извршителите, наредбодавците на атентатот, секој граѓанин на РМ ќе се чувствува притаена опасност за својата безбедност, затоа што може слободно да се констатира дека демократските процеси во нашата држаава сеуште се во својата деликатна фаза.

Ние побаравме Владата на РМ да изготви информација за текот и состојбите во врска со истрагата што се води по атентатот врз претседателот на Републиката. Не е прв пат Владата на РМ да доставува информација, тоа се случи и сега со многу поинаков наслов и со многу поинаква содржина од онаа што ја барале предлагачите.

Имено, самиот назив на Информацијата и самиот факт дека таа е изготвена од МВР кажува дека не е комплетна, дека опфаќа само еден сегмент од тоа што ние го баравме. Нашата цел беше Владата на РМ да изработи комплетна информација со претходно консултирање на ставовите мислењата, оценките на сите надлежни органи и служби во РМ задолжени да ја водат истрагата, за да може пратениците да имаат комплетен увид какви мерки и активности преземени во досегашниот период

Не знам кои се причините меѓутоа ние сме крајно незадоволни од односот на Владата, затоа што тоа што го баравме воопшто не е испочиитувано во тоа што го имаме добиено како одговор од Владата.

Од тие причини јавно поставуваме прашање дали Владата на РМ расправала по ова значајно и суштинско прашаше, колку пати расправала, какви се нејзините политички ставови, како ги оценува она активностите на надлежните органи врз кои она има контрола над активностите, а исто така сериозно сме загрижени поради тоа што Нема никакви податоци од Министерството за правда односно не се потрудило изгледа Министерството за правда од институциите во правосудниот систем задолжени да ја водат истрагата по атентатот да ги соберат тие информации, се разбира без да се наметнува и да се меша во нивните надлежности за да може на пратениците да им биде презентирана денес, а тоа веројатно го зборува и самиот факт на неприсуство на министерот за правда на денешнава седница на Собранието.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ**: (продолжение)

Од тие причини ставот на пратеничката група на ЛП е да не ја прифати оваа Информација и да побара Владата на РМ да изработи нова Информација , да ја достави до Собранието со сите овие елементи што ги спомнав и дури потоа да се отвори суштинска расправа по таа Информација.

Исто така сериозни забелешки имаме по тоа што презентираната информација од МВР фактички претставува една синтентизирана информација на сувопарни и статистички податоци за активностите кои ги преземало МВР додека воопшто не се дадени никакви информации ниту констатации или оценки на Владата како е водена истрагата , дали се преземени благовремено сите потребни активности од надлежните органи, дали сите надлежни органи што според законот треба да ја водат истрагата биле вклучени односно да имаме информации кои надлежни органи ја воделе, со кој интензитет, на каков начин, дали Владата е задоволна од сето тоа.

Исто така инсистираме во Информацијата која треба Владата да ја достави до нас Владата, а не МВР да се дадат одговори на неколку деликатни прашања за кои упорно се молчи во досегашниот период како на пример: кој дал наредба неколку саати да не речам час и половина по атентатот врз Претседателот на Републиката, колата на претседателот да се тргне од местото на настанот и врз основа на кои законски овластувања тоа го направил затоа што имаме согледувања дека тоа драстично лошо делувало врз натамошниот тек на собирање на адекватни сознанија за текот на истрагата и дека експертите од странство кога дошле просто се чуделе како може некој да нареди да се отстрани автомобилот од местото на настанот затоа што не е исто да собирате податоци на тоа место или во некоја гаража каде бил пренесен мерцедесот.

Исто така Владата мора да даде одговор на прашањето зошто надлежните луѓе во Министерството, министерот или кој треба после него не дал наредба за блокирање на квартот , непосредната околина на местото на случувањето на антенатот, туку ни се случи на вестите кои беа објавени многу брзо по атентатот на Македонската телевизија граѓаните да бидат дезинформирани со информации дека луѓето од МВР трагаат по двајца луѓе со тегет темни одела, соججبради и дека ги гонат спрема излезот на Скопје, што требаше индиректно да асоцира на вмешаност на одредена политичка партија од Македонија наместо многу поинаку да' се постапи и да се блокира квартот, а да не се вршат некои дејствија кои , ете видовме дека до ден денешен не вродија со плод.

Исто така Владата мора да одговори на прашањето иако беше најавен фото робот на жената возач на"АМИ-то 8" зошто до ден денешен не е објавен фотороботот односно барем да одговори на прашањето ако веќе немале доволни информации и сознанија за уапсената личност жена за што има податоци во Информацијата, зошто е ослободена ако не се објавува ликот, односно не се објавува фотороботот.

Исто така Владата мора да одговори и на прашањето во врска со мистериозната најавена односно не знам јас лично дали е и конкретно поднесена оставка на тогашниот министер за внатрешни работи г-динот Љубомир Фрчковски посебно ако се има предвид фактот дека претседателот на Владата даде изјава со која кажа дека не ја прифаќа оставката, а таа оставка впрочем никогаш не беше објавена во средствата за информирање во Македонија што остава сомнеж дали била дадена или само била понудена, меѓутоа, тоа и не е толку важно колку е важен фактот дека претседателот на Владата не ја прифати понудената оставка на министерот за внатрешни работи затоа што сметаше дека треба започнатата истрага да ја дотера до крај.

Наместо тоа во реконструкцијата на Владата која потоа следеше не само што тогашниот министер за внатрешни работи не ја доврши започнатата истрага поради која премиерот не му ја прифати најавената оставка, наместо да има морални санкции за тоа што му се случи атентат во државата врз Претседателот на Републиката а ви за ви тоа во Бугарија министерот за внатрешни работи си поднесе оставка само заради двајцата полицајци беше награден со добивањето уште позначајна и повисока функција министер за надворешни работи на РМ.

Ова е посебно важно ако се има во предвид фактот дека тогашниот министер за внатрешни работи кој долго време молчеше за истрагата што се води во врска со атентатот врз Претседателот на Републиката и конечно кога се одлучи на 26 октомври да одржи ПРЕС конференција и да ги презентира фактите, ја даде меѓу другото и следната изјава цитирам "Мултинационална финансиско - економска групација со седиште во една соседна земја е вмешана во организацијата на атентатот врз претседателот Глигоров што се случи на 3 октомври во Скопје. Нејзин човек чие име и е познато на истрагата на 28 септември годинава дошол во РМ и во објект на периферијата на Скопје го формирал експлозивот што е употребен во атентатот. Во тоа му помагале извршители од нашата земја. Ден потоа организаторот ја напуштил Македонија. МВР очекува да открие некои од извршителите и да ја потврди врската со организаторот по што Македонија ќе побара негова екстрадиција". Нема што,мошне оптимистичка изјава само што министерот уште не кажа кои се генералиите името и презимето на извршителот на атентатот. За жал, од тогаш до денеска гледате колку време помина се разбира од овие силни најави на министерот нема ни трага ни глас тој си ја врши функцијата министер за надворешни работи

на РМ, а се разбира истрагата во врска со откривањето на организаторите и извршителите на атентатот е во ќор сокак.

Не знам како да ја третирам оваа изјава дали како еден од многуте гафови на тогашниот министер за внатрешни работи скандалозни изјави од типот на оние кои пред тоа ги даваше за т.н. универзитет во Тетово дека е роденденска забава, за граѓаните од Горче Петров дека се фашизоидни идеи , па изјавите од типот дека високи личности од една политичка партија од Македонија во еден хотел на една историска планина во една соседна држава се сретнале со незнам истражен човек од министерството од таа соседна држава па изјавите за камењата што се дотркалале и тн.

Сепак мислам дека овде се работи за многу сериозни работи кои имаат сериозни последици воопшто за сите граѓани на нашата држава.

Од тие причини, да повторам на крајот сметаме дека оваа информација во никој случај не задоволува тоа што пратеничката група на ЛП бараше и од тие причини бараме Владата на РМ да изработи нова информација со сите овие елементи и одговори на поста- вените прашања што веќе ги кажав за да можеме многу темелно, многу сериозно да разговараме како членови на највисокиот законодавен дом на некоја од следните седници на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? Има збор г-динот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Г-дин претседателе, дами и господа на ден 3 октомври минатата година се случи немил , тежок случај со атентатот врз претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров.

Мислам дека овој атентат беше атак и на цела Македонија да ја дестабилизира како политички економски финансиски и воопшто сите токови на работењето да ги стопира и тоа токму во времето кога претседателот на" Републиката изврши огромни напори да преговара со соседната Република Грција, соседната Сојузна Република Југославија за преговори за добри односи за меѓусебни признавање и токму во тоа време се догодува ваков тежок атентат при што загина еден човек кој беше член на поранешната Влада беше министер за земјоделие Христо Христоманов, потоа возачот на г-динот Киро Глигоров загина и тешко беше повреден г-динот Киро Глигоров, но сепак мислам дека имал среќа сите ние посебно Македонија што г-динот претседател Киро Глигоров и од ваква тешка состојба се спаси е и во живот и при што тогашното раководство кое беше какво такво со ништо не направи да се почувствува дека во Македонија постои дестабилизација дека во Македонија нема да извршуваат започнатите текови на стопански план, економски и политички и дека нема да се спроведува политиката која беше зацртана и платформата на г-динот Киро Глигоров дека со ништо не се почувствува, а тоа го гледаме и од странскиот печат и од нашите напори благодарение што сепак имавме такви институции кои навреме ги согледаа проблемите и заеднички организирано направија она што дојде со Македонија.

Меѓутоа, од тогаш наваму поминаа девет месеци како немаме информација односно извештај целосен како и на кој начин настана ваков тежок настан. Мислам дека требаше да биде, ако не целата јавност барем Собранието на РМ информирано, па макар и на тајна седница ако е во интерес во истрагата , ако и понатаму има сознанија и можности да се откријат атентаторите односно атентаторот кој го направил тоа односно средствата со кои е извршен атентатот да се дознае од каде се

набавени средствата, како се пренесени, кои количини се, како, зошто , за кои намени. Сметам дека повеќе луѓе има што за ова знаат дали се тоа внатре од РМ дали се од надвор главно мора да се знае тоа е поголема организација за кои причини реков политичка дестабилизација, економска, кредитна финансиска и секаква дестабилизација во Македонија, па ако ги погледнеме токовите како настана дестабилизацијата, како да ја изгубивме довербата во меѓународната комуникација , како да ја изгубивме довербата во Европската унија или ја спречивме или намаливме на некој начин нема проток на стока, нема проток на луѓе, нема проток на капитал сето тоа како да се позабавува, како да се доцни зошто, кои се причините, а еве како аргумент ни воведоа сите европски земји кои се во Европската унија визи. Јас го поставив тоа прашање како и на кој начин може Владата да ја ублажи состојбата со добивање на визи во Европската заедница, меѓутоа, и натаму се отежнува и прилично тешко се добива. Зарем нема удел ова што се случува во Македонија? Мислам дека треба и требаше Владата под итно да расправа за тоа, можеби расправала, ако расправала колку пати расправала и кои се заклучоците. Не мислам Владата да се вклучува во истражните работи, ние имаме експерти, истражни работници кои можат да ја завршат таа работа , не мислам Владата да ја вклучуваме во истражните работи, туку колку расправала , по кои прашања, кои насоки и колку пати давала информација за ваков тежок настан што се случи.

Оттука оваа информација која е дадена од Министерството дава еден пресек, дава некои состојби, но мислам дека е кратка не е се опфатено како од Министерство. Мислам дека се бара информација и извештај од Владата на РМ со сите компоненти да бидат внесени, па оттука да произлезе еден заклучок од Собранието што понатаму, дали

вака да продолжи истрагата, дали да се заврши оти не би рекол дека сме неспособни, туку не можат да се откријат атентаторите, и би требало да се заклучи каде вакви државници по кој пат да патуваат. Дали можат да патуваат таму каде има паркиран* возила, каде има луѓе или треба да се промени патеката каде треба да патува претседателот дека има проток на повеќе возила каде треба во средината и дали се преземени сите мерки пред атентатот за обезбедување на претседателот на Републиката или имаме некои слабости и пропусти. Не мислам таквите да ги судиме, но сепак да добиеме едно сознание за таквите состојби и да не ни се случуваат понатаму.

Да заклучам ,би побарал да не расправаме по оваа информација, а да побараме од Владата на РМ целосно да ни даде информација и по можност заклучок што понатаму да дојде на Собранието, па би можело и на затворена седница ако треба.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:** (продолжение)

И на затворена седница да ја гледаме и да завршиме со оваа точка. Јас не можам да заборавам на г-динот Киро Глигоров во каква состојба беше во минатото и што направи за РМ, а што некој врати, сигурен сум дека македоснкиот народ не, сигурен сум дека и комшиите од страна не, немам сега зборови кој можел тоа да го направи. Сигурно тоа е направено од некои посебни побуди, дали од внатрешност или од надвор. Со таа Информација ќе дознаеме точно и ќе имаме сознание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Минуваме на **<u>точка 23</u>** - <u>Информација за состојбата со лигавката и шапот во РМ.</u>

Новиот текст на Информацијата и извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, ви се поделени.

Молам кој бар збор?

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денеска на дневен ред  имаме Информација за појавата на болеста лигавка и шап, Информација која што ни доаѓа по барање на тројца пратеници, односно една пратеничка група и двајца пратеници независно една од др. Мислам дека прво, моја забелешка е шот Информацијата требаше да уследи веднаш со појавата на болеста, без да се чека ние да ја барам Мислам дека тоа треба да и го кажеме на Владата. А за вакви работи обврска е

на Владата да го информира Собранието, а не да се чека. По однос на појавата на болеста, мислам дека придонесуваме и ние и нашето однесување во целокупниот живот и  во однос на заштита од болести, целосно земено од сите болести кај добитокот. Зашто ова го велам? На појавата на лиавката и шапот, јас го кажав на Комисија ќе го кажам и овде и кумувам ние самите со нашето однесување. Велам кумуваме ние самите од причина што недоволно превземаме мерки во однос на заштита од било која болест.

Како може тоа да се потврди? Тоа го потврдувам во факти што на граничните премини односно на нашата граница вдолж таму каде што јас живеам према Албанија, недоволно се превземаат мерки за заштита од болести и штетници. Стоката од едната воглавно од Албанија шета кај нас. И ние не сме во состојба да превземе мерки. Или не сакаме, или не сме во состојба тоа да го направиме. тоа е едната страна на медаљата. Втората страна на медањата е што а прометот не му посветуваме доволно внимание како? Стоката за која сите ние знае: ние на тоа подрачје, а такви подрачја има и со СРЈ од каде што и преку редовна линија и надвор преку неофицијални премини минува таа стока, ние на тој добиток му кумуваме и му даваме пасош. Како да е му се знае потеклото. Јас тоа го тврдам, нека се проверат податоците за издадените пасоши во ветеринарната станица во Дебар. Јас зборувам за Дебар, а другите нека кажат за другите места. Затоа велак и кумуваме. Изгледа ни одговараше тој промет затоа што се хранеевме и со поевтино месо. Таму во Албанија беа многу пониски цените, а кај нас многу повисоки и јадевме многу поевтино место. Затоа ни одговараше и не водевме сметка за ова што ни дојде.

Сега кога станува збор дали е болеста дојдена од Албанија или не исказите на стручњаците се дека е дојдена од Албанија. Лично мислам дека таа не е дојдена од Албанија, и покрај тоа што бизнисот носи иста ознака какошто е она што го има Албанија односно СРЈ. Според мене се работи исклучиво за подметнато однесување, од економски причини само да ни се направи штета. Доносителот за мене е непознат и не можам да тврдам од каде е што исто така со тие недоволнс мерки што ги преземаме на границата при редовниот увоз, исклучиво бидејќи колку што јас добив информација на Комисијата за земјоделство. Официјален увоз на добиток од Албанија нема, досега, а официјален на добиток од СРЈ има. Можеби е од кога е лигавката, не можам да тврдам, но порано имаше во тоа сум сигурен. Но многу често при тој официјален увоз не му се знае крајот. Такви појави ми се чини има забележано и господата од Европската Унија, а ние не водиме сметка за тие работи. И еве до каде не доведе таа состојба.

Нешто за она што беше речено на Комисијата за земјоделство по прашањето за утврдувањето на паричниот надоместок и правичен надоместок на сточарите за уништениот добиток. Во Комисијата се рече за уништениот добиток во просек е исплатено до 1000 ДМ. Можеби е тој правичен надоместок, а можеби не е. Не е во случај кога се работи за високо млечни крави бидејќи за цената на високомлечните крави во домашните фарми се дава над 3000 и Повеќе марки. Јас колку што следев на ТВ ниедна млечна крава во подрачја каде што се убиени грлата не е платено изнад 2.500 марки. Што се однесува до увозот на млечни крави, цените се движат над 4.000 марки. Што значи дека според мене, на дел на производителите, на сточарите не им е исплатен соодветен надоместок. Се поставува прашањето што со сточарите на кои добитокот им беше единствена егзистенција. Во таква состојба ќе се

најдат поголем број сточари иако според податоците кој беа дадени на денот кога заседаваше Комисијата на 22 овој месец, беше изнесено дека 3.072 грла се уништени и веројатно после тој ден тој број е зголемен. заради информациите во Печатот, за појавата на болеста и вод руги места. Мислам на тие сточари на кој што им беше основна егзистенција добитокот, треба да им се помогне и заради тоа предлагаме дополнување на заклучоците на Комисијата за земјоделие која што измена е предложена писмено.

Денеска не е, тема за расправа, меѓутоа, на наредната седница бидејќи тоа го имавме н а Комисијата има едно прашање и еден договор за прифаќање н а кредит со кој што ќе се задолжи РМ за мерки што ќе се преземаат во Агрокомплексот. Таму е речено за индивидуалните земјоделци, а станува збор за поголем број на мерки. Јас мислам дека таму се предвидени одредени средства за опремување на ветеринарството, ветеринарните станици. Сега кога станува збор бидејќи се работи за лигавката и шапот, предлагам правилно да се насочат средствата и никако да не дозволиме, треба таква сугестија да и дадеме на Владата, да не дозволиме тие неправилно да се насочат и неправилно да се користат тие средства. Треба да се употребат строго наменски, се со цел за да придонесеме за надминување на состојбите што ни се јавина посебно со лигавката и шапот.

Познато е дека за одредени болести во Македонија, конкретно за бруцелозата се врши преглед со земање на крв секоја година или секоја втора, според утврдена програма на кризните грла, говедата и се испитува бруцелозата. Предлагам да се проучи можноста од страна на Владата да се изврши земање на крв за испитување на говедата во врска со болеста лигавка и шап. Доколку е тоа можно мислам дека е тоа

една од добрите мерки и ќе ни ја покаже состојбата какви ни е се стоката. Со тоа ќе ве повикам истовремено, на крајот да ги поддржите заклучоците со дополнувањата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, јас сум еден од, оние кој што побара една ваква информација, како што рече претходниот колега независно едни од други сметајќи дека се работи за една огромна штета, сеуште последиците ние ќе ги видиме подоцна . Штетите за кој што зборуваше колегата Ајдарага се директни штети, што значат обесштетување на уништените говеда Меѓутоа ако се земат штетите што значат репродукција, извоз, промет што значат туризам, тогаш тие ќе бидат мултиплицирани и по најблаги проценки само директни штети, г-до чујтеа бројкава, бидете внимателни, ќе бидат 4-5000ГМ. Тоа се реалните штети. Ние за 4-5000 милини ГМ праќаме тимови и делегации да бараат заемни низ светот. Ама се работи за една сериозна заразна болест. Јас сум имал прилика бидејќи сум работел во организација каде што имало околу 500 грла стока, така да оваа проблематика ми е позната. Јас искрено да ви кажам со нашиот менталитет, навики и односи прашање е колкав временски период ќе ни треба за да практично кажеме дека шап и лигавка ќе немаме во нашата држава. Ако најоптимистичките прогнози бидат 5 го- дини, треба да бидеме среќни. Се плашам да не остане тоа трајно.

Барањето на Информацијата сметам дека е најмалку важно но штетата ќе мора да ја надоместиме особено штетата на сточарите кои што живеат од тоа. Знаеме што значи едно високо млечна крава за едно семејство. Значи комплетна егзистенција со сите производи од млекото

така што сметам дека од оваа информација ќе треба да извлечеме заклучоци по многу нешта зашто колегата Ајдарага се обиде да ги наведи, но веројатно остави простор и ние другите да кажеме нешто, за да бидеме тимски вклучени во оваа работа.

Пред се сите логични информации и патишта насочуваат на две работи кои што мораме да ги отстраниме ако сакаме понатаму да не ни се повторуваат вакви нешта. Ова треба да биде една опомена дека особено границата со Република Албанија не ни е безбедна. Прашање е дали таа претставува граница во права смисла на зборот Сите апели сите информации, сите барања на граѓаните од граничниот појас за заштита во овие неколку години не ги примавме со сета сериозност. Почна со упадите на Елен Камен, Радожда и другите подрачни места и сфативме дека тоа не е битно и дека се во прашање добрососедски односи и што треба да биде, ако не е ова што треба да се случи би било заради негрижа па дури како намерна штета, дали економска и политичка. Пред се имам забелешки дека првата информација дека во Македонија има шап и лигавка дојде по затворањето и контролата на границата од страна на СР Југославија што мислам дека за нас како граѓани на оваа држава претставуваше изненадување дека по кој знае кој пат првичната информација ја добиваме од некој друг, за да потоа веднаш реагираат нашите соодветни служби, пред се ветеринарната служба и инспекција што веројатно веќе беше загаснато. Затоа што првите информации за појава на шап и лигавка во Албанија дати- раат некаде од почетокот на мај. А ние да утврдиме дека кај нас има лигавка и шап дури во јуни и првичните мерки да ги преземеме дури во средината на месецот. Добро е што сепак и покрај низа проблеми се сфати дека се работи за една сериозна болест каде нема толеранција, нема сентименталност и колку да имаме разбирање за тоа што значи таа материјална штета.

Добро е што тие првични шокови ги преживеавме дека се мора да бидат уништени најмалку 2000 говеда во првата фаза, и ни изгледаа многу огромни, многу тешки и многу болни. Добро е што со ангажирање на сите таа фаза помина. Остануваат две прашања што треба да бидат наравоучение од оваа немила работа.

Тие две работи се следни. Прво, дали во Македонија имаме организирана ветиринарна служба на соодветно ниво, ниво на сточниот фонд, на ниво на комуникациите што ги имаме , на ниво на опкружувањето и на ниво на она што значи ресурс, а тоа е извозот на месо и месни производи, особено првото извозот на месо. Тоа зададе тежок удар на сточарството, но верувам дека тоа е една активна и агресивна политика на министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство со поддршка на Владаа ќе може овој проблем да биде брзо надминат. Се разбира за тоа ќе бидат потребни средства. Поврзано едното со другото е дали имаме доволен број ветеринсрски кадар, лекари, техничари, ветеринарни станици и уште што е поважно дали системот на информирање  системот на превентива, системот на заштита, вакцинација и слично функционира во сите домени на ветеринарната заштита. Сметам дека недоволно во таа смисла имаме развиена ветеринарна служба и ова нека биде еден повод во таа смисла да отстраниме низа недостатоци кои што ги покажаа сите свои покнатини во овој случај. Имено станува збор дека во оваа област импровизации, толеранции не можат да бидат дел на нашето секојдневие ако сакаме да имаме доволно храна и за нас, да бидеме извозници и што е најважно да имаме заштита на сточниот фонд и на луѓето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Останува прашање кое што се веднаш надоградува и надополнува. Ние често пати реагираме на контрола и на патиштата и на се она што значи нелегални премини, нелегален престој и практично нелегална комуникација и на граѓани и на стока. Во тој смисол ги сметам како многу паушални и неаргументирани одредени изјави на компетентни личности дека од тип од границата со Албанија за да се контролира да не кажам да се чува потребни се меѓу 30 и 40 илјади граничари. Граница не се чува со бројност, се чува со организација, санкции и меѓудржавни договори на база на реципроцитет. Не може да се чува граница со било кого, човек до човек, ниту има некој интерес, ниту тоа ќе биде ефикасно. Меѓутоа, мораме после ова нешто да обрнеме внимание на сето она што значат гранични премини на сето она што во еден период на нашето осамостојување и на нас самите ни изгледаше многу чудно и многу тешко, дури и некако неприродно. Па како сега постои граница со СР Југославија, како постои граница со Бугарија? Постои г-до, границата постои заради овие работи, а после се другото е последица на тоа дали границата е граница, самото име е граница. Никој не го измислил тој поим, тоа име дека е нешто гранично, тоа е раб, тоа е меѓа која што мора да се чува па ако треба и ќе се бран Во спротивно овие штети ќе бидат мултиплицирани и многу тешко ќе можеме да ги санираме. Во сета оваа сиромаштија уште ова ни требаше. Сведоци сме на застои во сообраќајот, на контроли, на блокирани пазаришта, на одбегнување на користење на производи од нашата Република од секој вид, а треба да очекуваме ви гарантирам дека ваквото нешто како заштитна мерка ќе потрае многу повеќе.

Ќе се надоврзам уште еднаш на овие информации кои што беа давани дека во Турција има перманентно шап и лигавка поради блискоста со тропските предели на соседните држави, дека во Грција

има перманентно, не сакам да прифатам такви квалификации затоа што Македонија има сепак еден солиден степен на развој, има можности поради својата географска конфигурација, поради својот сепак релативно многу мал простор но простор кој што може"'да се контролира така што не треба да се задоволиме со констатации дека и кај другите го има, и ние да го прифатиме дека и кај нас треба да имаме шап и лигавка. Шап и лигвка во Македонија немал од 1963 година, а пред тоа изгледа немало од пред војната. Тоа се информациите со кои што располагам и званичш и незванични. Целта на барање на информацијата беше да помогнеме на Министерството за земјоделство и на Владата, а не да одмогнеме, целта е да кажете дека во една конструктивна и коректна расправа даваме поддршка на преземените мерки иако во одредени реони не се доволни и немојте да не изненади оттаму од каде што требаше точно да го имаме најголемиот број на заразени говеда. Немојте оваа неприродна појава да во центарот на државата имаме шап и лигавка да утре не изненади да жариштата бидат таму каде што е нормално да бидат најблиску до оние жаришта од каде што и заразата дошла.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата почитувани колеги би сакал накратко само да се осврнам на презентираната информација од Министерството за земјоделство во врска со појавата на шапот и лигавката. Имено на некој начин би се надоврзал и на вчерашната дискусија по повод царинските стапки за месото, за увоз на месо, односно за увоз на ...ива стока. И може би се сеќавате вчера реков дека со ваквите проценти усвоени на царински стапки и те како ќе нанесеме удар на месната индустрија и месните капацитети што ги имаме во нашава држава. Исто така, напомнав дека меѓу другото шапот и лигавката и те како ќе нанесат големи -штети на постоечката индустрија посебно што ова индустрија како што знаете

имаме големи инвестиции од острана на светската банка, инвестиции кои се реализирани во капацитети во средства, инвестиции кои треба да ги враќаме во текот на наредните години. Што значи дека појавата на една ваква болест и те како доста ќе ја осети оваа индустрија и сметам дека долгорочно ќе се осети таквото оштетување во функцијата на истата во иднина. Од друга страна, се појавуваат и претпоставки, а и во самите дискусии досега што Ги слушнавме на можни претпоставки од каде дошла таа болест, од која земја е увезена, дали дошла од Албанија, Турција, Бугарија, итн. Ние навистина во таа информација немаме некакви точни претпоставки, ниту пак увид од каде е дојдена таа болест. Од друга страна кај граѓаните постои, кај населението постои еден страв, еден психолошки страв од употреба на месо било да е тоа во форма не припремено или припремено, конзервирано месо. Што значи дека во екот на туристичката сезона и те како ќе се осети на прометот воопшто на месната индустрија. Сметам дека и тој е еден втор факт кој индиректно ќе влијае економски на целта ситуација во нашава држава. Исто така како што знаете дека . заради појавата на лигавката и шапот од страна на светската ветеринарна служба практично ќе бидеме огрначени за извоз на месо од една година, а тоа прашање сигурно ќе се пролонгира и повеќе од аспект на разно разни атести, на докажување дека тоа месо после таа година ќе биде квалитетно и ќе биде способно за извоз и продажба. Очигледно дека Владата во овој случај не припреми една права информација, посебно Министерството за земјоделство не припреми информација во која точно ќе се види прво кои се тие штети што настанаа второ, како. и на кој начин и по кои патеки дошла таа болест во Македонија. Имено, знаеме дека светската, односно Европската Унија во својата ветеринарна служба објави во времето еден напис и укажување дека на Балканот се појавува оваа болест> тоа значи лигавката. И после 45 дена од таа информација имаме појава на болест

во нашата држава. Што укажува тоа? Тоа укажува дека во рок од тие 45 дена практично Владата и Министерството не преземале апсолутно никакви превентивни мерки на заштита да во рок од тие 45 дена ја заштити државата од можни внесувања на жива стока, или индиректно на месо кое е заразено од болеста лигавка. Шапот е секако една реперкусија која се јавува после лигавката. Што значи дека имавме довол време во рок од 45 дена да направиме превентивни мерки на заштита не ни е прв пат да оваа болест се појавува на нашата територија и не ни е прв пат да се внесе од соседни земји. Што значи дека имавме доволно време да ги прикрепиме сите превентивни мерки кои се потребни кои требаше да ги преземе Министерството за земјоделство, односно Владата па и ветеринарната служба да ја спречи таа болест да се прошири и во нашата земја. Ние во таа информација исто така немаме извештај кои се тие патишта од каде дошла таа болест, дали Албанија, дали е Бугарија, дали е Турција. Јас мислам дека ваквите претпоставки можат само да бидат некакви претпоставки кои се без основа кои можат да наштетат и на други сфери од политичкиот живот ако тврдиме дека тоа е од Албанија, не знам од Турција или од други земји. Затоа треба јасно и децидно да се испита случајот, да се даде точна информација кои се тие патишта, какви се превентивни мерки преземаме сега после појавата, ако веќе сме го испуштиле тој период од 45 дена. Сметам дека во овој случај Министерството за земјоделство треба да преземе навистина една поука и едно искуство за понатаму како треба да се спречи понатаму појавата на една ваква болест која навистина направи огромни материјални штети. Не би навлегол во дискусија која е таа сума и колку се тоа милиони марки итн., мислам дека тоа се претпоставки кои не држат во овој момент да се зборува, секако дека се големи цифри во прашаше директни и индиректни на грла кои се убиени итн., штети кои се настанати од консумација да кажам, или одбегнување на консумација на тоа месо па посебно во нашава

туристичка сезона. Така што сметам дека би требало во таа информација и тие сите недостатоци да се внесат и да се излезе со една комплетна информација. Сметам дека понатаму би требало навистина превентивно да се делува за да се заштити државата од вакви штетни болести.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господне претседателе, дами и господа оваа болест лигавка и шап се пренесува во Македонија некаде преку 45 дена, а за жал и натаму се шири. Еве во вчерашниот ден дознавме дека и во Кочанско, не го кажаа каде се појавило и во Кочанско. Мислам дека досега може б не бевме во тој поглед организирани како и на кој начин да ја спречуваме болеста. Прво, заради тоа што не предвидуваме средства доволно за оваа служба. Зборуваме повеќепати за донесување на закони и други програми за зголемување на сточниот фонд, меѓутоа кадрите кои што ги имаме се вон функција, вон работа се, чекаат место да се испразни , меѓутоа не се вклучени во функција на работа да преземаат превентивни мерки, навреме да се преземаат. Може би нешто недостасува и во закон ските одредби и подзаконските акти во врска со добитокот, со стоката воопшто што мислам дека Министерството сега тоа го согледало и верува дека ќе предложи и мерки. Меѓутоа прво мислам дека треба да обезбедиме кадар. Сега треба да направиме мобилна состојба поготово со кадрите кои што ги имаме да работат, што се вика по 24 часа во денот да се спречи оваа болест. Меѓутоа, со тоа проблемот би се санирал некако во тој поглед. Останува другиот поглед, другите штети. Туристите кои што имаат закажано да бидат во Македонија сигурно сега ќе откажат и се откажуваат, се прави на туризмот огромна штета. Се прави исто така огромна штета на увоз и извоз така што се намалува работењето воопшто стопанскиот подем на Републиката. Понатаму граѓаните поготово сточари кои што исклучиво имаат добиток се занимаваат со тоа со продажба на месо, на телиња, на млеко, млечни производи сега со

уништување на тој добиток остануваат на цедило без занимање, нема што да работи нема функција, нема работа, има огромна штета. Добро, државата презема мерки да ја надокнади штетата. Па се прашуваме кога и како? Граѓанинот нема средства сега да преживее, значи таквата тешка состојба да ја совлада. Заради тоа би предложил сите резерви расположливи средства што може да на оние кои се најзагрозени граѓани, на тие граѓани кои што имаат повеќе добиток кој им е уништен прво да им се купи, да се замени ако е тоа можно, значи да се замени таквиот добиток заради тоа што кажуваме дека сточниот фонд треба да го зголемуваме, а ние го уништуваме. Ако се даваат средства на граѓанинот тој ќе ги потроши за извесно време и ќе остане без опстанок во понатамошната иднина. Така што да се замени. Онаму каде што не е можно да се замени да се плати во пари. Од каде сега пари? Сигурно Буџетот нема доволно, резервите немаат доволно, немаат банките доволно средства. Приватната состојба јас сепак не сум за тоа да се молиме, да позајмиме средства да добиеме кредити. Но, при овој случај сме принудени да побараме од Европа, од други држави кои што можат да помогнат во овој случај да се земат кредити и да ја санираме состојбата на граѓаните да им олесниме. Ние инаку имаме доста големи тешкотии што стопанството ни е во прилично тешка состојба, а дојде уште потешка состојба им нанесовме на граѓаните. Зборот ми е се да употребиме да учиниме да им помогнеме на граѓаните и сточниот фонд да го зголемуваме како што разговаравме при донесувањето на законите и другите програми.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас иако некои мои колеги ми сугерираа да не зборувам, јас морам да зборувам затоа што појавата на шапот и лигавката е најизразена токму во околината на Скопје, а особено во мојата изборна единица иако во извештајот поделен

од Министерството селата кои што се опфатени не се комплетно презентирани. Во извештајот стои дека во Скопско се опфатени селата Долно Свиларе, селото Арачиново, додека воопшто не зборувам за селото Горно Свилар^ за селото Арнакие, за селото Чељане, каде што денеска колку што јас знам имаме информации таму се изведува уништувањето на болниот добиток. Јас по барање на граѓаните од ова село и присуствував еден ден во нивната средина и да Ви кажам ужасно се запрепастив од она што видов и на прашањата кои ми беа поставени за кои во многу и немав одговор.

Прво,тие го поставуваа прашањето како е можно во истиот атар во едно село да има заболени и тоа да се бара да се уништат сите грла, додека добитокот кој што пасел во истиот атар во другото село конкретно во селото Матка ниедно да нема болно и ниедно да не се уништи.

Друга работа дали и по кои критериуми ако се утврди дека во едно село има 10% заболени или само едно заболено грло во една штала, да бидат уништени сите грла. Јас мислев дека ова ќе стои во извештајот. Во извештајот стои дека по препорака на Европската унија ние сме обврзани само да вршиме вакцинација иако поради други причини штабот се одлучи со уништување на болните грла.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ**: (продолжение)

Јас морам да ви кажам и морам да ви пренесам мислењата на граѓаните кои ги видов во многу лоша ситуација кои велат: буквално цитирам "ако државата нема пари, ние сме спремни во секој момент да и подариме по една крава само да не спаси од тоа што нешто се случува Затоа што за ридско - планински села каде што единствен извор на егзистенција е токму овој добиток. Јас присуствував во време на шпицот на работите кои се одвиваа, жетвата, но се запрепастив кога видов. дека комплетно сите граѓани, всушност сите селани беа на купче и бараа милост, бараа спас. Но, на жалост тој спас не можев да им го понудам, а и во Информацијата таков спас такви решенија на такви одговори на прашања кои ми беа поставени не можев да дадам. Иако присуствував во Матичната комисија, иако не беше како заинтересирана странка и таму децидно не беше кажано дали ние мораме да го уништиме целиот добиток. Во Комисијата се расправаше по овие прашања и се дојде до заклучок дека покрај реалната цена пазарна да се надокнади и млекото. За- тоа што по некои критериуми тие села кои што се очистени не ќе можат да се снабдат со нов добиток за три до шест месеци, а за тоа време со што ќе се ранат селаните кои живеат некаде од 15 до 18 км. далеку од градот.

Јас од оваа говорница би побарал од ресорното министерство, нормално и од Владата да бара начин, т.е. заклучок е и на Комисијата на овие селани кои исклучиво се бават, исклучив извор им е сточарството, да се најде начин да им се помогне, т.е. минимална егзистенција до добивањето, или пак имајќи предвид дека местото каде што живеат тие не е поволно за ништо друго, туку за сточарството да се најде начин тие грла уништени да се надокнадат од разни проверени извори, здрав добиток, здрави и познати раси, но со тоа што од разни фондови да им

се овозможи тие да бидат прифатливи за тие селани. Затоа што една расна крава сигурно не ќе може да ја купи еден селанец кој. што живее на 800 метри надморска висина ако за тоа му се надокнадило 800 до 1000 германски марки. Ова за делот каде што живеам јас е од статус на елементарна непогода, тие се тешко погодени и јас навистина немам одговор и не знам како ќе им се обратам утре на тие селани.

Друга работа, имавме случаеви при уништувањето да не се преземени сите хигиено - санитарни мерки, како што беше случајот со Долно Суаре каде што по одредено време дојде до отворање или општо не беше затворена дупката каде што беа фрлени говедата и мораше да се интервенира накнадно, наместо да санираме една состојба ние да отвориме ново жариште.

Уште еднаш би апелирал до сите да ги прифатиме заклучоците од Комисијата, нормално, со дополнувањето што е дадено од страна на тројца пратеници меѓу кои сум и јас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Јас би сакал во интерес на правилно информирање на јавноста во нашата држава да кажам во својство на претседател на општинскиот штаб на сузбивање и искоренување на болеста шап и лигав- ка во Кочани сеуште нема званична потврда на присуство на болеста шап и лигавка. Има сомневање за присуство на болеста на два локалитета. Преземени се потребните превентивни мерки со вакцинирање на две

стада од 30 грла. Понатаму, направен е тест бариери и примероци од стоката се испратени во Скопје во текот на вчерашниот ден. Каков ќе биде, дали тоа ќе биде званично потврдено за сега званична потврда на присуство на оваа болест нема. Мојот колега од Кочани изнесе дека има, но до вчерашниот ден тоа не беше потврдено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитувани колеги, јас кратко ќе зборувам, затоа што сите сме исцрпени, меѓутоа, не би сакал овде да правам свој политички маркетинг. Меѓутоа би сакал да кажам една голема вистина која што треба сериозно да ја согледаме и понатаму да се научиме како не треба да работиме, или како треба во иднина да работиме. За мене како човек, како пратеник лигавката и шапот не е изненадување што влезе во Македонија. Јас последните шест месеци се прашував само кој ден ќе влезеше. А зошто и од каде ова мое прашање, зошто и кога ќе влезе за мене беше дискутабилен часот или денот, а не месецот. Затоа што Републичката ветеринарна дирекција беше крајно несериозна. Јас не би се повикувал на тоа да кажеме луѓето како реагирале во Свиларе или на друго место, туку овде се работи за една служба која што со своите подрачни единици во општините со едно крајна несериозна работа буквално ја внесе лигавката и шапот во нашите простори. Кои ќе бидат последиците и колкави ќе бидат штетите тоа сега само можеме да нагаѓаме, меѓутоа јас знам дека ќе бидат големи. Знам дека многу луѓе, како што рече колегата ќе немаат основни средства за егзистенција кога кравата му е уништена на детето и на семејството, ќе нема што да се стави на трпеза.

Тука е јасна работата. Меѓутоа што понатаму? Уште еднаш ние со нашиот балкански менталитет кажуваме како не треба да работиме. уште еднаш на виделина се покажува колку е поскапа куративата од превентивата. Кога треба да се спроведе превентива ние сме крајно несериозни. Па, бруцелозата кај нас постои од 1981 година, а веќе во одредени подрачја во Републиката оваа година не влегоа во програма пруцелозата. Откако ќе се рашири бруцелозата, ние пак куративно ќе уништуваме стада овци или како што сега уништуваме стада крави, незнам, недај боже ќе почнеме и стада овци да уништуваме, затоа што лигавката и шапот ги напаѓаат и овците. Па, јас се прашувам зошто претходниот министер господинот Иван Ангелов на 7 декември ги укина дизбариерите на граничниот премин. Поточно, директорот на Дирекцијата, на Републичката ветеринарна дирекција ја укина наредбата за контрола, ветеринарниот надзор на граничните премини, кои што веќе живееа една ипол година. Кога се знаеше веќе дека во соседна Република Бугарија лигавката и шапот перманентно постојат последните 7-8 години. Кога се знае дека пред една ипол година лигавката и шапот влезе во Грција. И тоа во Северна Грција. Кога се знае дека Македонија, да не кажам се наоѓа на устието, на грлото на крстопатот во Европа. Кога се знае дека Македонија е многу блиска до блискиот и средниот исток каде што постојано постојат одредени зоонози и други болести од епидемиски размери.

Јас шест месеци се прашував зошто се укинаа тие дизбариери. Неколку колеги знаат овде меѓу нас се укинаа дека се работи заради некој каприц, една каприциозност на поедини луѓе, кои што ете, јас од оваа говорница јавно ги обвинувам и сметам дека сега ресорниот министер за земјоделство и шумарство ќе има малку повеќе слух и набрзина ќе ги разреши, барем тие луѓе да не ги заземаат оние места

што сега ги заземаат, бидејќи ова зло јас од оваа говорница ги обвинувам тие луѓе можеби ако работеа онака како што треба, можеби пак ќе влезеше лигавката и шапот, меѓутоа тие ќе имаа чиста совест. Сега, верувам дека нема да имаат чиста совест.

Уште една работа која мора да ја истакнам, поставеноста на ветеринарните служби во државата. Јас не верувам дека ниедна ветеринарна станица не ја работи само основната дејност. Кога можеше министерот за култура и Министерството воопшто за култура да заземе еден став, сите домови на културата по општините ќе бидат исклучиво домови на култура и ќе се бават со културна дејност, а не со трговска и угостителска дејност, со дискотеки и со кафичи, зошто Републичката дирекција не го направи истото, туку ветеринарните станици по општините се оптоварени повеќе со трговија и со некој мал или крупен бизнис. Па, од продавање на лекови за луѓе, преку продавање на лекови за добиток, што е во ред, до продавање на разно разни на мало и на големо продукти од животни намирници, со кои треба да се бават исклучиво трговски фирми. А онаа основната дејност ја запоставија, оптоварени од оваа друга работа. Во она време кога беше ветеринарниот надзор на границите овие исти организации повеќе го гледаа комерцијалниот дел, отколку заштитниот дел. Сега, тој комерцијален дел оди во негативна смисла, меѓутоа ја чини државата многу. Оваа наша држава не знам како ќе излезе на крај. Јас кажав една работа некаде пролетта во разговор со некои луѓе таму  дека вирусот на луди крави во Англија англиското стопанство лесно ќе го поднесе. Но, недај боже ако се појави вирусот на луди крави во Македонија како Македонија ќе ги поднесе тие загуби.

Информацијата не би ја критикувал, ја прифаќам во потполност. Таа информација е сместена на три страници доволно за овие два

месеци колку што владее болеста, меѓутоа кога ќе ја искорениме ќе има повеќе страници напишано. Но, само една работа. Еве, заправо токму ова се поклопува со она што го реков за тромоста на Републичката ветеринарна инспекција. Болеста во Албанија преку новините, преку јавните гласила и преку медиумите се трубеше на велико, на големо дека во Албанија во областа на Корча се појави некој вирус, можеби луди крави, а можеби лигавка и шап. Се појави вирусот на лигавка и шапот, кој што ете сега е и кај нас. Но; кај нас е после два месеци. За два месеци оваа дирекција ништо не презеде. Па беше логично да влезе.

Уште една работа, Ветеринарната инспекција на границата во последниве две-три години се поставува, да кажеме ветеринарен инспектор на граничниот премин Девебаир од Куманово во истото време во Крива Паланка има двајца или тројца невработени ветеринарни доктори. Во Информацијата е наведено дека во Македонија во ветеринарните станици има недоволен број вработени ветеринарни лекари. Во некои ветеринарни станици дури нема воопшто вработен ветеринарен лекар. Сеуште ветеринарните техничари ги вршат ветеринарни- те работи. А да се погледа скоро во секоја општина сигурно има по некој ветеринарен доктор невработен. Крива Паланка еден мал град во Македонија има тројца невработени ветеринарни доктори. Тоа е еден голем парадокс, кој еве токму го плаќаме вака. А присетете се сами дека пред десетина години оваа иста држава, оваа иста Република стипендираше секој запишан студент на Ветеринарен факултет во Загреб или Белград. Истите тие луѓе кои што се школуваа на државна каса сега седат без работа. А од друга страна ни влегува ли- гавка и шап. Јас 'размислував дали да излезам на оваа говорница или да ги кажам овие работи, меѓутоа, ќе си имав грев на душата ако не ги кажев. А последните шест месеци со неколку колеги тука постојано апелиравме и

инсистиравме оваа работа малку посериозно да се согледа. Јас се извинувам што на крајот ви одзедов повеќе време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, болеста лигавка и шап кај добитокот што летово по Албанија, по Грција, Турција, Бугарија и каде не беснееше стигна и во нашава држава. Како стигна, како се шireше и дали можеше да се спречи најмногу знаат нашите ветеринари. Јас, сеуште она што беше денес кажано против ветеринарите и против нивното организирање за навремено спречуваше на ширењето на оваа болест, неможам да ги прифатам. Тие мислам дека се злонамерни дискусии и вперени против една служба која што во овој период навистина даде огромен придонес оваа опасна болест кај добитокот да не се прошири од Скопје и Велес во другите краишта на нашава држава. Мислам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и неговата управа за ветеринарство заедно со Ветеринарниот институт, ветеринарните станици и цела Ветеринарна инспекција беа доста ангажирани и не дозволија болеста од овие две жаришта да се префрли во нашите најголеми сточарски реони. Да се префрли во Тетово, во Гостивар, Битола, Прилеп, таму каде што е сместено некаде 70% од нашиот добиточен фонд. Јас наместо критики кон нашите ветеринарни служби би предложил ние како Собрание да му оддадеме едно посебно признание за се што тоа го сторија овие наши ветеринари на планот на спречување на оваа болест. Инаку, јас мислам дека ние како држава претеравме многу со таа голема јавност на оваа болест. Нашите информативни гласила скоро 40 и неколку дена сите емисии, сите написи, сите уводници ги започнуваат со болеста лигавка и шап, како да

немаа друга работа. Мислам дека зак- вата јавност кон оваа болест ќе направи поголема штета на нашето стопанство од штетите што сега се направени во Скопје и Велес со уништување таму на околу 10 0 0 грла добиток. Мене ми се чини дека некој што денес тука побара информација да се расправа за оваа опака болест кај добитокот не е ништо друго, туку градење на еден маркетинг на трагедијата на сточарите што настанаа од оваа болест. Јас мислам сточарите на кои што им се уништени добиточните стада се добро обештетени. Мислам дека луѓето што работеа на проценка на нивните имоти дадоа добри пазарни цени. Фактички, постоеше пазар меѓу тие што го уништуваа добитокот и оние сопствениците на добитокот. Меѓутоа, сметам, затоа што во едно догледно време овие сточари ќе бидат загрозени, ќе немаат егзистенција, ќе мора нашата Влада да издвои поголеми средства од Фондот за солидарност за овие домаќинства. А оние сточари што не знаат што значи тоа болест лигавка и шап, сигурно ќе предложат и некои други мерки.

На овој план сметам дека не треба да изостане и нашата помош ако препорачаме обесштетувањето да добие и тек на елементарна непогода во нашава држава.

Повторно велам на нашава Ветеринарна служба треба да и дадеме признание, затоа што не дозволи болеста да се прошири во цела држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, немав намера да дискутирам по оваа точка од дневниот ред. Бев предизвикан од претпоследниот дискутант и сакам јавно како пратеник и член на овој Парламент да се оградам од неговите фронтални обвинувања на Ветеринарната служба на РМ.

Информацијата како таква, ако по нејзиното разгледување констатираме и ја лоцираме само одговорноста на Ветеринарната служба, мислам дека вистинскиот реален и објективен одговор не е даде. Ако му е тоа цел на дискутантот, сметам дека неуспешно е објаснувањето на отсуството во самата Информација на вистинските причини , како што кажаа и беше барање на пратеничката група на ЛП кои се вистинските причини за доаѓање на оваа многу опасна болест на стоката во РМ, иако имаше од најавувањата период од 45 дена.

Да потсетам, пред извесно Бреме како Република ние прославувавме 50 години од постоењето на ветеринарната служба, на која беше присутен и претседателот на Републиката и актуелниот министер и други членови на Владата, каде што се дадоа многу позитивни оценки на оваа служба и не би требало по ваква информација да фрламе критика која ќе остави многу црна дамка на вкупното досегашно работење и посебно во однос на појавата на овие две болести кај стоката во РМ.

Кога веќе во информацијата не се дадени овие вистински причини, лоцирањето на одговорноста само на раководителот на Републичката управа за ветеринарство мислам дека не е правата вистина и реалност. Јас овде ќе прекина за тоа која е објективната одговорност и лоцирањето на одговорноста на претходниот министер и тн. Нарочно потенцирам

дека ќе прекинам со одговорноста заради тоа што целта и на ова барање на информација, која беше и од пратеничката група на ЛП , е дали се ,кога веќе после првата констатација не се дадени во информацијата вистинските причини како е дојдено до овие две болести, второто прашање кое исто така отсуствува во оваа информација е дали се е преземено од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ветеринарната служба за да се искоренат овие опасни болести , дали превентивно за понатаму да не се јавуваат. Тоа е многу битно прашање и мислам дека единствена цел е на оваа расправа и трето, кое беше потенцирано од неколку пратеници овде, прашањето на надоместувањето на уништениот добиток на сточарите, посебно на оние на кои тоа им е единствен основ на егзистенција. Забележувам како и по претходните расправи по информации кои се бараат по многу важни прашања од животот и од државен интерес за РМ да се заклучуваат така без едно обраќање на министрите, мислам дека удостојување на овој Парламент треба да биде ви за ви значењето и интересот на тие прашања и од самите претставници на извршната власт, па исто и по ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Очигледно дека се заморивме овие неколку дена, јас сакав сепак да ви заблагодарам за напорот што го вложивте овие неколку дена и донесовме многу значајни закони.

Сакам да ви посакам добар одмор.

Продолжувањето на седницата го закажувам за 27 август во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 28,05 часот)